Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut

ЦКА-ПХВ
KKA-PVH

МАЛИ ПРОЕКТИ 2026



ВОВЕД

1.123 младинци изработија 195 мали проекти. Помогнаа на 4.888 лица, вложувајќи 44.889 волонтерски часа во период од три месеци.

Беа активни, корисни и го користеа своето време на позитивен и конструктивен начин, учејќи за себе и за другите. Учеа низ акција, помагајќи им на оние кои честопати се оставени од сите. На тој пат се запознаа со хуманоста, солидарноста и емпатијата.

Низ целиот овој процес им помагаа многумина, но најмногу нивните 40 дисеминатори и 9 ментори.

Ова беше едно посебно патување за секој млад човек. Личните бенефити ќе дојдат со време. Ќе сфатат какви луѓе станале токму поради помошта која ја дале на другиот. Оти, само така се учи – додека се прави.

И оваа генерација покажа дека е посебна, дека има капацитет и дека може да придонесе за својата заедница. Ни помогна да ја видиме светлината во тунелот.

Низ следните страници запознајте се со нивната хуманитарна работа, нивните мали проекти и големите промени што ги направија.

Среќно!
Алекс и ПХВ тимот

1. ООЦК Битола - Точки што раскажуваат

Проектот е наменет за децата со оштетен вид, со посебен акцент на најмладите кои ја изучуваат Брајовата азбука. Младите од Црвен крст Битола напишаа неколку басни, ги илустрираа и ја испечатија книгата на Брајово писмо со помош на локална печатница. Изработени се пет книги, од кои две се наменети за двајца корисници, а останатите за училиштето и библиотеката. Проектот претставува трајна вредност за овие деца, но и за сите млади лица со оштетен вид, бидејќи им овозможува пристап до литература и поттикнува понатамошно учење и развој.

2. ООЦК Битола - Еден свет многу приказни

Проектот е наменет да поттикне поголемо разбирање и дружење помеѓу младите од различни религии, култури и етнички заедници. За да ја остварат својата цел, младинците организирале панел-дискусија со верски претставници, работилници за комуникација и тимска работа, хуманитарни акции и театарска претстава. Преку овие активности учесниците имале можност подобро да се запознаат, да разменат искуства и да создадат нови пријателства, придонесувајќи кон поголема толеранција и меѓусебна почит.

3. ООЦК Битола - Сончева револуција

Проектот е наменет за обезбедување пристап до топла вода со значително намалени трошоци за самохрана мајка која живее со нејзините 3 деца (од кои едното е со аутизам, а другото е со здравствени проблеми и живее со помош на апарати), нејзината мајка и нејзиниот брат, преку поставување соларни панели за загревање на вода. На овој начин семејството добило стабилен и поекономичен извор на енергија за секојдневните потреби без дополнително финансиско оптоварување, посебно ако се земе во предвид дека пред 1 месец им била исклучена електричната енергија поради неплатени сметки за струја.

4. ООЦК Битола - Живот без граници

Целта на овој проект е младинците да помогнат на две семејства од Битола чии деца се болни од канцер. Групата младинци, на едното дете кое сé уште е во болница, му купуваат телевизор за да може да ги игра своите игри на конзола. На другото дете кое се излечило, како награда и нешто што ќе го памети цел живот, му купуваат карти за концерт во Албанија на неговиот омилен пејач.

5. ООЦК Битола - Заедно менуваме

Целта на проектот е да се соберат и донираат различни видови на играчки наменети за деца во Домот за доенчиња во Битола. Групата младинци реализираат истражување за потребите на децата, спроведуваат акциска активност со ученици во средно училиште за промоција на потребата од повисок степен на знаења кај учениците, при што, се собрани парични средства во износ од 2.300 денари. Остварени се комуникации со други лица и групи за подигнување на хуманитарната свест за потребата од помош на тие на кои им е потребна, конкретно за потребите на децата, при што се собрани и донирани: плишани играчки (мечиња, жаби, слично), коцки за играње, колички, кукли, замоци, бебешки играчки-тропалки, ракети, сетови за играње, друго. Со оваа активност, помогнато е на 40 деца, за ниниот посреќен развој, радост и креативни способности.

6. ООЦК Битола - Звук на хуманоста

Целта на проектот била преку организирање на повеќе спортски турнири да се обезбедат финансиски средства за покривање на трошоците за тренинзи по гимнастика на девојче од социјално загрозено семејство од Битола, кое поседува голем талент и желба за развој во овој спорт. За реализација на проектот биле организирани четири спортски настани: турнир во кошарка, турнир во одбојка, турнир во ракомет и турнир во футсал. Преку собраните средства младинците успеале да обезбедат уплата за тренинзи по гимнастика во времетраење од една година и десет месеци, со што директно придонеле за исполнување на сонот на девојчето и негов понатамошен физички, социјален и спортски развој.

7. ООЦК Битола - Срце за сите

Преку овој проект младите имале за цел да поттикнат свест кај заедницата за децата со попреченост и за важноста на нивната вклученост во секојдневниот живот. Корисници на овој проект се децата со посебни потреби односно 63 ученици во ОУРЦ„Кочо Рацин" за кои се организирале различни работилница како велигденски базар и работилница, еко акција итн. Младите преку овој проект имале можност да се дружат и да ги социјализираат учениците.

8. ООЦК Битола - Меѓу корени идеи

Целта на проектот е поздрава средина и подигање на еколошката свест преку садење цвеќиња и разубавување на училишен двор. Тимот преку активности, првоаприлска забава, велигденски базар и турнир во шах како и преку продажба на рачни изработки обезбедиле средства кои ги искористиле за уредување и освежување (боење) на дворот преку садење цвеќиња на ОУРЦ„Кочо Рацин" во Битола.

9. ООЦК Берово - Мали дела, големи промени

Целта на овој проект е реконструкција и поправка на летниковецот во паркот (фарбање, уредување и поставување клупа и маса), преку организирање хуманитарен базар и прибирање потребни средства, мобилизирање поддршка и помош од сограѓани и фирми, како и преку самостојно волонтирање при изведување на активностите за реконструкција. Преку поправка и уредување на летниковецот се создал побезбеден, поуреден и пофункционален простор за одмор и дружење, како и се поттикнала јавната свест за грижа на заедничките јавни објекти.

10. ООЦК Берово - Мост на културите

Целта на овој ПХВ проект е создавање на можност за дружење и заедничко поминато време преку организирање на музички настан. Настанот се одржал во училишниот хол и имал големо значење за младинците. Поддршка добиле од директорот, заменик-директорот како и некои од професорите на училиштето. Учениците активно учествувале и се грижеле за свечената атмосферата. Главен дел од програмата биле рециталите и текстовите што самите ги напишале, со пораки за љубов, хуманост и заедништво. Имало и музичка точка и настап на играорната група, преку кои ја имаат доближено идејата за поврзување и прифаќање на различностите.

11. ООЦК Берово - Мали срца, големи разлики

Целта на овој проект е помош на петчлено социјално ранливо семејство од с. Русиново, составено од двајца заболени и невработени родители, син, студентка и баба со минимална пензија и социјален додаток. По консултација со Центарот за социјална работа и разговор со семејството, утврдена е потреба од бојлер, када со туш и потребните елементи за уредување на бањата. Тимот организираше две креативни работилници, две хуманитарни акции, филмска вечер и базар по повод 8 Март. Од акциите беа собрани 21.500 денари, а дополнителни 11.000 денари беа обезбедени за лекови за неподвижен младинец од друго социјално загрозено семејство. Со поставувањето на бојлерот и кадата и обновувањето на бањата, на семејството му беа овозможени подобри услови за одржување на хигиената и секојдневно функционирање.

12. ООЦК Берово - Заедно можеме

Проектот е наменет за поставување чешма во дворот со цел да се обезбеди полесен пристап до вода, подобри услови за престој и поголема удобност за сите корисници на просторот. Средствата за поставување на чешмата се обезбедени преку донации од голем број на донатори и организирање на осмомартовски базар, првоаприлски маскенбал, велигденски базар и собирни акции. Исчистен и уреден е просторот, поставена е чешмата и исто така засадени се зимзелени дрва и шарени цвеќиња.

13. ООЦК Берово - Срце за сите

Целта на овој проект е подобрување на пристапноста до училница на отворено во училиштето ООУ „Дедо Иљо Малешевски“ Берово за децата да можат полесно да доаѓаат до училницата како и истото да биде заштитено од временските неприлики. Корисници на овој проект се сите ученици и вработени во ООУ „Дедо Иљо Малешевски“- Берово. За да можат да го реализираат проектот младите организирале низа настани како хуманитарни базари, маскенбал и собирање донации од компании.

14. ООЦК Берово - Мост на солидарноста

Целта на овој проект е набавка на специфичен реквизит за игра (лулашка) и целосна естетска ревитализација на дворот т.е создавање на мини оаза во Дневниот центар на лица со попреченост. По спроведено истражување и утврдување на потребите на корисниците, младинците организирале хуманитарен настан „Movie Night“ преку кој собрале средства за набавка на нова лулашка и материјали за уредување на дворот. По реализацијата на настанот биле набавени потребните материјали, поставена била нова лулашка и биле обновени и обоени постојните клупи и реквизити во дворот, а сé тоа било направено од самите младинци. Со проектот е создаден побезбеден, поубав и пофункционален простор кој секојдневно го користат децата со попреченост за игра, рекреација и престој на отворено.

15. ООЦК Валандово - Чекори во моите чевли

Целта на проектот е преку заеднички активности со Дневен центар за деца со попреченост – Валандово и здружението “Исчекор”- Валандово, кај младинците да се зголеми свеста за потребите и можностите на децата со попреченост, да се поттикнат себеси на прифаќање и еднаквост, да развијат чувство на солидарност, разбирање и да придонесат за поинклузивна локална заедница. Младинците реализирале 4 креативни работилници и дружење со корисниците на овие центри. Тие направиле забавна работилница со танцување и пеење, работилница за боење и цртање и работилница за правење колачи, а најважното им беше самите да се стават во позиција да ги разберат секојдневните предизвици на децата со попреченост, со цел развивање на емпатија и солидарност.

16. ООЦК Валандово - Хумани срца

Целта на проектот е да се подобрат животните услови на 60-годишната Д.К., која живее во тешки услови. По посетата на нејзиното живеалиште и утврдување на потребната помош, младинците се организирале да напишат претстава според нејзината животна приказна, и потоа глумеле во претставата која ја играле во Домот на културата во Валандово пред публика од 50 луѓе. Со средствата собрани од претставата обезбедиле два пакети храна и белење на сидовите во просториjата во која живее, а од донации обезбедиле тепих, прекривки, маса, како и нов прозорец, бидејќи стариот бил целосно искршен и постојано протекувала вода кога врнело.

17. ООЦК Валандово - Различни корени, заедничка иднина

Целта на проектот е да се поттикне меѓусебно запознавање, почитување и соработка помеѓу децата од различни етнички и верски заедници во Валандово и околните турски села, преку мултикултурни активности, дружење и заеднички иницијативи кои ќе придонесат намалување на предрасудите и градење на поинклузивна заедница. Крајни корисници на активностите се 6 млади и заедницата вклучена во проектот. Младите кои го изработувале проектот реализирале низа активности меѓу кои креативни работилници за изработка на честитки на два јазика и посета на семејства и верски објекти од различни вери.

18. ООЦК Велес - Хуман допир

Целта на овој проект е правење книга за Црвениот крст на Брајово писмо за лицата со оштетен вид. За да соберат средства, продаваат мартинки, подароци за осми март и организираат заеднички штанд за Велигден со другите тимови од Велес. Тие самите ја вршат адаптацијата на книгата и со помош на стручни лица од Центарот за слепи од Велес, го вршат печатењето на книгата. Промоцијата се одвива во Градската библиотека во Велес и има локална медиумска поддршка.

19. ООЦК Велес - Хуманост без граници

Целта на овој проект е обновување и уредување на детска соба во домот на семејство, чијашто куќа е уништена од пожар. Со цел децата повторно да добијат безбеден и функционален простор за живеење, учење и одмор преку овој проект младинците обезбедија 3 кревети и 2 плакари како основни работи кои им беа најпотребни на децата и семејството. Организираа 18 креативни работилници и 10 хуманитарни штандови за собирање средства, и тоа за 1 март, 8 Март, 1 април, Велигден и општо од забавен карактер. Младинците подготвија и изведоа хуманитарна претстава по повод патрониот празник на СОУ Гимназија ,,Кочо Рацин" Велес. Исто така, тие остварија неколку средби со семејството, се дружеа со нив и помогнаа во нарачка и монтажа на мебелот. Освен планираните кревети и плакари, со собраните средства младинците купија и со помош на мајстор монтираа ламинат. Покрај материјалната помош, младинците се потрудија да дадат и морална поддршка, разговарајќи со членовите на семејството и поминувајќи време со децата.

20. ООЦК Велес - Место за промени

Целта на овој проект е санација, уредување и опремување на старите простории на Црвениот крст во Велес, кои подолг период не се користеа, со цел да се создадат пријатни и функционални услови за младите од Клубот на млади и за сите волонтери. За обезбедување финансиски средства, тимот реализираше бројни креативни работилници, продажни и хуманитарни активности по повод 1 март, 8 Март, Велигден и други настани, како и хуманитарни претстави во велешките училишта. Од реализираните активности беа собрани 50.000 денари. Средствата беа искористени за чистење

и реновирање на просторот, набавка на 12 столици, 4 маси, плакар, 16 м^2 ламинат, прозорци и материјали за варосување и фарбање, како и за уредување и декорирање на просториите и изработка на амблемот на Црвениот крст. Целиот процес беше реализиран со голем волонтерски ангажман на членовите на тимот, кои учествуваа во чистењето, варосувањето, фарбањето, монтирањето и уредувањето.

21. ООЦК Велес - Green vibe

Целта на овој проект е разубавување на животната средина преку уредување на запуштен дел од градот и негово претворање во функционално еко-катче за сите граѓани. Младите организирале 10 креативни работилници и продажни активности со што обезбедиле средства за уредување на катчето. Тие организирале и чистење на дива депонија и садење на нови садници. На овој начин тие помогнале на сите жители на градот Велес.

22. ООЦК Велес - Unity of cultures

Целта на овој проект е да се поттикне поголема поврзаност, разбирање и комуникација меѓу младите преку социјалните мрежи. Преку создавање и споделување содржини на Инстаграм, целта е младите да се запознаат со различни култури, мислења и искуства, и да се намали дистанцата што често постои меѓу нив. Првото видео било посветено на Бајрам со традиционални рецепти, а друго на учење зборови од различни јазици, што донело смеа и почит кон различностите. Се снимиле и видеа каде ученици од различни националности зборувале за себе, рушејќи предрасуди и градејќи пријателства. Дополнително, изработено било и видео за Велигден со традиции и обичаи. Тимот заеднички и сплотено работел е на сценарија, снимање, монтажа и објавување, а содржините биле редовно анализирани и подобрувани. Проектот покажал дека социјалните мрежи можат да бидат алатка за едукација, толеранција и поврзување меѓу младите.

23. ООЦК Виница - Нова шанса

Целта на овој проект е да се организираат еко акции за чистење на просторот и да се разубави дел од с. Градец со засадување на убави цветови. Младинците проектот го започнале со состаноци и со Велигденскиот базар каде што подарувале еко сетови и домашни производи за да ја пренесат пораката за почиста и здрава природата. Работеле и со најмладите, делејќи бамбусови четкички и учејќи ги за еко навики. Го исчистиле дворот на Црвениот крст со поддршка од „Солидарност“ и „Теракота“, засадиле цвеќиња во Градец и се приклучиле на големата акција „Зелен чекор“ со над 800 волонтери. Проектот им донел знаење, одговорност и нови пријателства.

24. ООЦК Виница - Срце за сите

Целата на проектот е обезбедување на 4000 денари за транспорт на 4 годишно дете од ромско семејство, со самохрана мајка, сиромашно семејство и дополнителна со-

цијална фамилијарна потешкотија - неподвижен брат со посебни потреби. Остварен е контакт и разговор со мајката и е потврдено дека посебно им е важно да се обезбедат 4000 денари за транспорт и патување на болното дете од епилепсија, леукемија и проблеми со дишењето и не може да патува со редовен автобуски сообраќај. За собирање на финансиските средства реализирани се следните активности: организирани два продажни штандови на слатки обезбедени од спонзори, со собрани 4100 денари. Парите, преку Црвен крст се предадени на мајката за остварување на патувањето на 21 мај 2026 година.

25. ООЦК Виница - Мост на културите

Целта на овој проект е спроведување на едукации за различни етнички групи со споделување на традиционални и културни вредности и спој на културата и уметноста со различностите и пријателствата. Реализирани се повеќе активности како собирна акција за Велигден во различни маркети од каде се собрани производи за подготовка на 10 пакети. Исто така реализиран е литературен и ликовен конкурс на тема „Приказна за пријателство без граници" за литературниот и „Различни, но заедно" за ликовниот конкурс. Одржани се 4 креативни едукации на кои децата ја покажаа својата креативност, своите знаења, умешност и фантазија на теми традиција, култура и вредности, игра „Погоди кој празник од каде потекнува". Договорена и реализирана е посета на верски храмови со ученици од предметна настава по претходен договор со верските работници.

26. ООЦК Виница - Мисија хуманост

Целта на проектот била да се обезбеди нов фрижидер за тричлено социјално ранливо семејство од с. Јакимово и да се овозможи изработка на свечен фустан за полуматурантка од село Лески која поради тешката финансиска состојба на семејството не била во можност да присуствува на полуматурската прослава со своите врсници. По спроведено истражување во соработка со Центарот за социјални работи и социјален работник од училиштето, младинците организирале повеќе хуманитарни активности, продажни штандови, лотарија, работилница со лица со посебни потреби и гејминг турнир. Со собраните средства и обезбедени спонзорства бил набавен нов фрижидер, а преку соработка со моден дизајнер бил изработен фустан за полуматурантката. Со реализацијата на проектот директно е подобрен квалитетот на живот на едно семејство и е спречена социјалната исклученост на едно девојче.

27. ООЦК Виница - Чекор кон подоброто

Проектот „Чекор кон подоброто" беше реализиран со цел да се обезбеди помош за семејство на кое му е потребна поддршка. Целна група беа дедо Ј. кој е инвалид и неговата жена, баба В. За собирање средства беа организирани хуманитарни активности, како продажни штандови, кино проекции, продажба на пуканки и палачинки. По посетата на семејството беа утврдени нивните најитни потреби, особено за лекови

и медицинска помош. Собраните средства беа наменети за набавка на лекарства и поддршка на семејството. Проектот успешно придонесе за подобрување на нивните животни услови и поттикнување на хуманоста кај младите.

28. ООЦК Гостивар - Harmony alliance

Целта на овој проект е преку презентација младинците да ги доближат традициите, обичаите и вредностите на различните заедници и различните култури во Македонија кај младите кои се дел од ПХВ проектот. Во таа насока собирале информации, фотографии и интересни факти за секоја култура, а потоа организирале презентацијата, каде разговарале за традициите, храната, музиката и обичаите, а имале и можност да играт различни ора карактеристични за различните култури во Македонија.

29. ООЦК Гостивар - Друштво за ширење добрина

Целта на овој проект е да се прикаже разноликоста на Гостивар преку снимање кратко видео за неговата историја и различните културни вредности во едно кратко видео. Исто така групата младинци како цел имале и да помогнат на социјално загрозено семејство од Беловиште поради што организирале хуманитарен концерт каде учествувале локалниот бенд Tedy & BrainFreezers и ГАКУД „Браќа Ѓиноски". Од концертот биле собрани 13.750 денари и купиле плакар за во ходник за семејството од Беловиште.

30. ООЦК Гостивар - Мали чекори за големи промени

Овој ПХВ проект започнал со работилница за чистити во ООУ „Гоце Делчев" по повод 8 Март, на која децата од прво до петто одделение со голема креативност изработувале чистити. Потоа организирана била продажба на маски за 1 Април, од која младинците собрале финансиски средства, а дел од маските ги подариле на деца со посебни потреби. Средствата ги насочиле кон семејство од Беловиште, па организирале филмска вечер со „Lilo & Stitch", која привлекла многу деца и донела финансиски средства. Дополнително, групата „Друштво за ширење добрина" организира концерт и купи комода за семејството. Со сопствените средства обезбедиле кревет и маса, а Црвен крст донирал пакети со храна, облека и хигиена. Купиле и играчки и бројанки за детето. Освен материјалната помош, поминувале време со семејството, носејќи им радост и поддршка.

31. ООЦК Гостивар - Пулсот на природата

Целта на проектот е повторна употреба на стари гуми преку нивно претворање во саксии за цвеќе, со што се разубавува училишниот двор и се придонесува кон почиста и поеколошка средина. Корисници на проектот се учениците, наставниците и сите посетители на училиштиот двор во едно училиште во Гостивар. За да ја реализираат својата цел, младите организирале работилница за чистити и кошаркарски натпревар преку кои собрале 5.400 денари за спроведување на активностите. Тие исто така посветиле време и ги посетиле жените кои се сместени во болница и ги израдувале со чистити по повод 8 Март.

32. ООЦК Гостивар - Së bashku për fillime të reja / Заедно за нови почетоци

Проектот „Заедно за нови почетоци“ (Së bashku për fillime të reja) беше реализиран со цел да се обезбеди конкретна помош за самохрана мајка во социјален ризик и да се придонесе за подобрување на нејзините услови за живот. По согледување на потребите, тимот ги испланира активностите, организираше собирање помош и обезбеди финансиски средства за набавка на неопходни производи за домаќинството.

33. ООЦК Гостивар - Раце на помошта / Duart e ndihmes

Проектот беше реализиран откако тимот забележа дека на Домот на културата во Гостивар ѝ недостасува функционален проектор, што го отежнува организирањето на културни, едукативни и младински активности. По средби со претставници на институцијата и со волонтери на Црвениот крст, учениците одлучија да организираат хуманитарен одбојкарски турнир со цел да соберат средства за набавка на проектор. Тие го испланираа настанот, подготвија постери и билети, ја промовираа активноста во заедницата и продадоа 82 билети. По успешно реализираниот турнир, тимот обезбеди средства, купи проектор и го донираше на Домот на културата, со што придонесе за подобри услови за реализација на идни културни и едукативни настани во Гостивар.

34. ООЦК Гостивар - Младите за човештвото / Rinia për njerëzimin

Проектот Младите за човештвото (Rinia për njerëzimin) беше наменет за подобрување на условите во лабораторијата по хемија во ООУ „Башкими“. Тимот организираше хуманитарен фудбалски турнир и собра средства со кои беа набавени материјали за чистење и реновирање, плочки, шкафчиња и потребни лабораториски средства. Потоа просторот беше расчистен, уреден и обновен, со што се создадоа подобри услови за практична настава по хемија.

35. ООЦК Гевгелија - Нова искра

Учесниците во оваа група одбрале целна група од 5-члено семејство: мајка, син со попреченост, вториот син кој е оженет и во истата куќа живее со неговата сопруга и 8-месечното бебе, а единствен приход во семејството го носи мајката. Иако кога го посетиле семејството, младите виделе дека имаат многу потреби, сепак семејството издвоило дека најзначајно во овој момент за нив е да добијат машина за перење. За обезбедување на средства за машина за перење, младите два пати организирале продажба на палачинки, крофни, мафини и лимонада кои сами ги правеле, а еднаш организирале хуманитарна работилница за Велигден со деца од градинка, а изработките ги купувале родителите на децата. Обезбедиле средства за машина за перење, а исто така и донирале храна, хигиенски производи и облека кои им биле дополнително донирани од родителите на децата од градинката и самата заедница.

36. ООЦК Гевгелија - Пружи рака за радост

ПХВ групата реализираше низа активности во соработка со корисниците од ЦПЛИП „Порака", наставници и ученици од ООУ „Крсте Мисирков", како и со друга ПХВ група. Младинците организираа продажба на рачно изработени гипсени фигури, свеќи, колби, маски, домашни колачи и слатка и солена храна, како и пуканки и освежителен напиток на плоштадот во Гевгелија. Реализираа и изложба на ретро предмети со над 2.000 експонати, креативна велигденска работилница, посета на Градскиот музеј за ученици од петто одделение и дружење со корисниците на дневниот центар. Од средствата собрани преку активностите беа набавени ѕиден плакар со полици, звучник со микрофон, како и материјали и средства за хигиена за потребите на ЦПЛИП „Порака"– Гевгелија. Младинците придонесоа кон подобрување на условите во дневниот центар, инклузија и создавање можности за дружење и заедничко учество во локалната заедница.

37. ООЦК Гевгелија - Пулс на хуманоста

Проектот има за цел да ги обедини и слави културните и традициските различности во Негорци, Гевгелија. Младинците заедно со наставничките од четврто и петто одделение од ООУ „Ристо Шуклев" во Негорци направиле неколку работилници со различна тематика со цел да се обработат различни култури и традиции. Имале работилници за: државни знамиња на земји од регионот и светот, симболи на народите, традиционални празници во нашата заедница и земја, обичаи и сл. Биле опфатени вкупно 60 ученици. Паралелно, собирале проза и поезија на повеќе јазици (македонски, албански, српски, турски и сл.) од страна на нивни жители во Негорци. Дел од собраните творби биле авторски од самите жители, а дел биле народни творби. На крајот, сите собрани дела ги преточиле во една збирка која ја дизајнирале, отпечатиле и ја насловиле „Негорци, мое Негорци". Направиле и промоција на збирката во „Младинскиот дом" во Негорци, а покрај печатената форма на збирката, креирале и електронска верзија.

38. ООЦК Гевгелија - Светлина на хуманоста

Целта на овој проект е обезбедување на финансиска и морална поддрцка за матурантот Р. од СОУ „Богданци", преку собирање средства и донирање ваучер за матурската вечер, со цел да му се овозможи достоинствен и рамноправно учество во овој значаен настан. ПХВ групата реализираше три собирни акции во Богданци и Дојран, со продажба на рачно изработени нараквици, сувенири, обележувачи и домашна храна. Акциите наидоа на голем интерес и поддршка од локалното население и туристите. Со собраните средства, во соработка со ООЦК Гевгелија, беше обезбеден ваучер за облека и обувки, кој му беше доделен на ученикот – матурант.

39. ООЦК Гевгелија - Срцето на домот

Проектот „Срце во домот" имаше за цел да обезбеди средства за подобрување на условите за живот на чичко Д. преку опремување на неговиот дом. Целна група беше

лице во социјален ризик на кое му беа потребни основни услови за секојдневно функционирање. Во рамки на проектот беа организирани повеќе хуманитарни акции, донаторски настани и изложба на ретро предмети. Со собраните средства беа набавени трпезариска маса, две столици, мини шпорет и бојлер, со што значително се подобри квалитетот на неговото живеење.

40. ООЦК Демир Хисар - Пријателство во боите на различноста

Целта на оваа група била да придонесе кон поголемо разбирање, почитување и дружење помеѓу македонските и албанските ученици од Смилево и Обедник. Младинците реализирале низа заеднички активности преку кои ги запознавале културите, традициите и јазиците на двете заедници. Тие изработувале честитки за Велигден, Рамазан Бајрам и 8 Март на македонски и албански јазик, ја посетиле црквата „Св. Петар и Павле" и џамијата во Обедник, каде разговарале со свештеник и имам за верските обичаи и важноста на меѓусебната почит. Заедно изработиле макета на музејот на Смилевскиот конгрес, учеле основни зборови на албански јазик, организирале изложба на цртежи инспирирани од традиционалната македонска и албанска куќа, како и музичка манифестација „Мостови на разбирање" со песни на двата јазика и литературно читање на поезија од Исмаил Кадаре. За крај, од Црвен крст им организирале и работилница за прва помош.

41. ООЦК Демир Хисар - Катче за нов почеток

Целта на проектот е да се поттикне физичката активност, социјализацијата и подобрување на психичката благосостојба на пациентите во психијатриската установа во Демир Хисар, преку престој во природна средина. Заедно со медицинскиот персонал, одбраа простор кој заедно со ученици од Шумарската струка го исчистија и засадија 20 зимзелени дрвца, исто така со помош на донација направија и поставија 2 клупи и маса. Направена е работилница за изработка на велигденски украси коишто беа подарени на пациентите. Поставени се две куќарки за птици со што го разубавија просторот. Во соработка со професор по ликовна уметност организирано е заедничко цртање со пациентите, а потоа во Домот на Културата прикажани се цртежите како ликовна изложба на тема „Хуманост", со цел промовирање на хуманите вредности, креативноста и уметничкото изразување кај учениците од ООУ " Гоце Делчев" и пациентите. За крај организирана е посета во новото катче за дружење во природа, заедно со пациентите каде што играа друштвени игри, шах, карти и пикадо.

42. ООЦК Демир Хисар - Подадена рака за 5 мали срца

Целта на овој проект е да се обезбеди помош за социјално загрозено семејство со самохран родител и пет мали деца. Преку креативни работилници, хуманитарен одбојкарски турнир, велигденски базар и акции за донирање облека, тимот собра средства и обезбеди детско креветче, пелени, храна, хигиенски производи, облека и обувки. Дополнително, за едно од децата беа обезбедени патики и едногодишно

ослободување од членарина во локален фудбалски клуб. Акцијата донесе радост и поддршка за семејството, но и значајно волонтерско искуство за младите.

43. ООЦК Демир Хисар - Сонце и за неа

Целта на овој проект беше да се обезбеди поддршка на мало девојче и нејзиното семејство преку собирање средства и донации за велосипед, лаптоп, спортски реквизити, храна, облека и училишен прибор кои ќе придонесат за нејзиниот развој, учење и секојдневно функционирање. Воедно, целта беше да се поттикне хуманоста, солидарноста и свеста кај младите за помош на деца со пречки во развојот и семејства кои се соочуваат со потешкотии. Реализиран е турнир во пинг понг за собирање на средства за купување на велосипед од кој се собрани 6.000 денари; за велигденските празници реализирана е креативна работилница за изработка на велигденски украси, истите се продадени и се собрани 1.000 денари. Обезбеден е лаптоп како донација и преку различни активности, работилници и посета на музеј младите постојано се дружат со девојчето. Исто така обезбедена е донација на пакет со месни производи и за таткото на девојчето договорено е истиот да биде ангажиран во фирма за молеро-фарбарски работи.

44. ООЦК Демир Хисар - Надеж во тешки денови

Целта на овој проект е обезбедување поддршка на семејство во социјален ризик (невработена мајка со дете на кое му починал таткото) за надминување на финансиските тешкотии преку наоѓање работа за мајката и набавка на велосипед и неопходни прехранбени намирници. Младите ја остварите целта преку организирање на креативни работилници, велигденски базар, турнир во футсал и натпревар во билјард. Дополнително тие работеле во пекара за да обезбедат оброк за детето во период од 3 месеци и успеале да договорат сезонска работа кај работодавач, за мајката. Донирани се велосипед и прехранбени производи за семејството.

45. ООЦК Делчево - Мост на култури

Целта на овој проект е организирање заеднички активности (едукативни работилници, средби, интервјуа, посети на верски објекти), каде младите учеле за туѓите обичаи, јазици и традиции, се промовирале културните вредности и се рушеле предрасудите, како и создавање, дизајнирање и печатење книга со информации за верата, културата и традициите во Македонија на македонски, турски и англиски јазик. Преку продажба на мартинки, хуманитарна продажба на слатки и фудбалски натпревар собраа 6.201 денар. Паралелно, младинците истражуваа за верите, културите, традициите и обичаите преку интервјуа и посети на верски и културни објекти. Собраните информации ги преточија во книга на македонски, турски и англиски јазик, која ја споделија со учесниците, локалната самоуправа и библиотеката.

46. ООЦК Делчево - Весели срца

Целта на овој проект е помош во детската градинка „Весели цветови“, каде што беше идентификуван проблем со новоотвореният влез, кој беше неуреден и небезбеден. Преку собирни акции, продажба на рачни изработки, кино-попладне со донации и кошаркарски турнир, младинците обезбедија средства за санација. Со средствата беше реновиран и уреден влезот и поставена огласна табла, со што се создаде побезбеден и пофункционален простор за децата.

47. ООЦК Делчево - Заедно за подобро за утре

ПХВ младинците од овој проект имаа за цел да помогнат на петчлено семејство во тежок социјален ризик, со три мали деца. Преку хуманитарни продажби, фудбалски турнир, концерт и собирна акција за облека, тимот собра 28.000 денари и обезбеди донации за уредување на домот и набавка на печка за греење, телевизор, садопер, масичка и мебел, како и помош за поправка и варосување. Дополнително, тимот помогна во вработување на мајката, со што семејството доби постојан приход и поголема сигурност. Акцијата донесе голема радост кај семејството и позитивен придонес во заедницата.

48. ООЦК Делчево - Искра што менува свет

Овој проект е насочен кон помош и поддршка на семејството од седум члена кое живее во тешки социјални, здравствени и материјални услови. Семејството живее во мал стан каде три семејства делат една кујна и еден тоалет, а условите за живот се многу ограничени. Дополнителен предизвик претставуваат здравствените проблеми, ниските приходи и присуството на лица со попреченост во домот. Реализирани се активности за собирање на парични средства, собирање на донации по фирми, конфекции, фабрики. Исто така изработени се боенки со деца од градинките и реализирана е продажба на храна на градскиот пазар во градот. Како најголема активност е хуманитарната забава со DJ Bryan.

49. ООЦК Делчево - Еко рај

Целта на проектот била да се подобрат условите во јавните паркови во Делчево преку нивно чистење, обновување и разубавување, како и да се поттикне еколошката свест кај граѓаните. По спроведена анкета со 30 граѓани и разговори со локалната заедница, младинците утврдиле дека парковите се во лоша состојба, со оштетени лулашки, клупи и недоволна безбедност за децата. Во соработка со Општина Делчево, ЈКП Делчево и локални донатори биле организирани повеќе собирни акции, базари и хуманитарен турнир. Преку проектот младите сами ги обновија трите паркови, заменија седалки на лулашки и клацкалки, обновија клупи, поставија три нови фонтани и ја подобрија целокупната безбедност и изглед на јавните простори кои ги користат сите граѓани.

50. ООЦК Делчево - Простор на добрина

Проектот беше насочен кон младите од Македонска Каменица, со цел создавање простор за волонтерски и младински активности. Главната цел беше обезбедување и уредување просторија која ќе им служи на младите во иднина. За таа цел беа организирани повеќе хуманитарни и креативни акции за собирање финансиски средства. Реализирани беа акции по повод Денот на жената, продажба на слатки и првата „Game Night" активност во општината. Дополнително беа поставени кутии за донации и беше организиран хуманитарен фолклорен концерт. Благодарение на поддршката од заедницата беа собрани значајни средства за уредување на просторот. По добивањето на просторијата, младите работеа на нејзино расчистување, кречење и уредување. Како резултат, Македонска Каменица доби младински простор за идни волонтерски, едукативни и хуманитарни активности.

51. ООЦК Кавадарци - Искра што останува

Целта на оваа група била да обезбеди детски кревет за семејство составено од самохрана мајка и две деца. За да ја остварат својата цел, младинците организираат продажби на вафли, пуканки и палачинки кои самите ги подготвуваат, а организираат и турнир во одбојка помеѓу повисоките одделенија во училиштето. Од собраните средства успеваат да купат еден детски кревет.

52. ООЦК Кавадарци - Хумано срце

Целта на овој проект е да се реновира една од трите простории на четири члено семејство (баба, мајка и 2 девојчиња) во детска соба преку: поставување на бетонска подлога (кошулица) на земјениот под, симнување на старите мувлосани ѕидни површини, нанесување на лепак и мрежа на ѕидовите и нивно израмнување, промена на старите прозор и врата, поставување на нови и безбедни електроелемнти (утикач, прекидач и осветлување), поставување на изолационен материјал и ламинатен под, молерисување на ѕидовите, монтирање на елементите од дониранот комплет детска соба (кревет) и биро. Младинците финансиските средства ги собраа преку различни активности: женски и машки турнири во одбојка, изработка и продавање на рачно изработени украси и цвеќиња за 8 март, квиз знаење за деца од 4-то и 5-то одделение, собирање на донации со кутија и настан „Игри без граници" со спортски и забавни активности за деца од 1-во, 2-ро и 3-то одделение.

53. ООЦК Кавадарци - Од срце за срце

Проектот имаше цел да ги сплоти децата од различни националности и верски припадности, да создаде безбедна и прифатлива средина и да поттикне нови пријателства, толеранција и запознавање со различните култури и традиции. Реализирани беа креативни работилници, спортски активности и натпревари, презентации за Рамазан Бајрам и Велигден, заедничко бојадисување јајца, посети на црква и џамија и завршен квиз. Преку заедничките активности, децата се запознаа, се поврзаа и

научија да ги почитуваат различностите, развивајќи пријателство, толеранција и тимски дух.

54. ООЦК Кавадарци - Патот на надежта

Целта на овој проект е обезбедување на машина за перење алишта, сушара за алишта, фиокар за алишта (наткасна), средства за хигиена и прехрамбени производи. Младинците прво организирале хуманитарна кутија во училиштето, а потоа изработиле и продавале мартинки за 1 март. Детално истражување на потребите направено било со мајката и психологот за да се утврдат потребите на семејството. Организиран бил фудбалски турнир, каде секое дете донирало според можностите. Исто така организирана била продажба на пуканки и колачи, со голема поддршка од граѓаните. Во текот на проектот редовно се советувал со менторот и дисеминаторот, а мајката активно учествувала во разговорите. На 8.04.2026 тимот организирана била и уште една акција со пуканки за децата во Ваташа, со тоа била остварена целта.

55. ООЦК Кавадарци - Искра надеж

Целта на проектот е да се помогне на лице во социјален ризик кое живее само и има ампутација на долен екстремитет поради гангрена во супстандардни услови за живеење без основни елементи во тоалет за одржување на лична хигиена. Со тоа, набавени се машина за перење алишта, бојлер, тоалетна школка, мијалник, туш батерија, фиокар и сушара во износ од 29.988 денари. За да може да се реализира целта организирани се низа активности како хуманитарни акции, хуманитарни турнири, продажба на колачи, базари итн.

56. ООЦК Кавадарци - Хумани херои

Целта била доизградба на соба преку доградба на подот, поставување на изолација од стиропор и поставување на ламинат, ѕидовите (малтерисување, кречење, молерисување), санација на таванот преку зацрвстување на постоечката подлога и поставување на нови гипсени плочи. Младинците решаваат да помогнат на лице од ромска припадност кое е невработено и живее во соба која е нецелосно изградена со исклучително лоши услови. За да соберат средства за реновирање на неговиот дом собираат донации од нивни соученици, организираат турнир во фудбал и одбојка, продажба на бобици и колачи и ликовен конкурс. Со помош на општествено-одговорни компании обезбедуваат градежни материјали со кои поставуваат бетонска подлога, ги израмнуваат и малтерисуваат ѕидовите и го санираат таванот со гипсени плочи, а при тоа мајсторите кои го сработуваат тоа го прават волонтерски.

57. ООЦК Крива Паланка - Катче за нас

Целта на овој проект е обновување и уредување на детско игралиште во нивната средина, за да биде повторно достапно за игра на децата и собирање на сите луѓе. Групата младинци обезбедиле донации во материјали (бои и четки) за уредување на реквизитите како и ножици за дрвца.

58. ООЦК Крива Паланка - Млади визионери

Целта на овој проект е да се создаде безбеден и достапен младински простор во Општина Ранковце, каде младите ќе можат да се дружат, соработуваат, учат и активно да учествуваат во креирањето позитивни промени во својата заедница. Директни корисници се околу 20-30 млади, а индиректни корисници на проектот се и локалната заедница, училиштата, семејствата и граѓаните на Ранковце кои ќе можат просторот да го користат за различни намени. Младинците во овој проект ги направија следните активности: состанок со градоначалникот на Општина Ранковце за презентација на идејата и потребите на младите, подготовка на список за купување и барање донации (мебел и материјали), модна ревија со учество на граѓани „Trash Fashion" со рециклирани материјали, потоа даденият простор го исчистија, исфарбаа, уредија, украсија, изработија цртеж на ѕид со логото на ПХВ и со помош на донации го опремија. Донирани се: мебел, биро, масичка, компјутери 3, канти за отпад, болјер, лавабо.

59. ООЦК Крива Паланка - Нова надеж

Целта на овој проект е да се подобрат условите за живот на семејството на Б. и Т. кое живее во тешки социјални околности со две малолетни деца, едното со попреченост. Активностите опфатиле целосно расчистување на просторот, отстранување на непотребниот мебел и воведување нова организација. Обезбедена била нова спална соба со соодветни кревети, гардеробер, работна маса и полици за складирање. Посебно внимание било посветено на пристапноста, со уредување што овозможува слободно движење на детето со инвалидска количка. Со реализацијата на проектот се создала функционална, безбедна и пријатна средина. Децата добиле топол и уреден простор за учење и одмор, а родителите олеснување во секојдневната грижа.

60. ООЦК Крива Паланка - Сите сме исти под едно небо

Целта на овој проект е да се поттикне интеркултурна соработка, дружење и еднакво учество на сите ученици во училишните и воннаставните активности, без разлика на нивната етничка припадност како и да се зајакне самодовербата кај повеќе од 40 ученици од ромската етничка заедница и да се поттикне развој на пријателства и заемно почитување меѓу сите ученици од во ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош", Ранковце.

61. ООЦК Крива Паланка - ПХВ Банда

Целта на проектот била да изработат алманах со што ќе се поттикнат младите да почнат да волонтираат. Сакајќи да изработат алманах со фотографии на тимот кој изработува ПХВ проект младинците организирале турнир во фудбал со што собрале 3.500 ден за набавка на материјали за изработка на алманах. Направиле одлични фотографии и истиот го завршиле на многу креативен начин.

62. ООЦК Кичево - Велигденски штанд

Целта на проектот е создавање безбедна и позитивна средина каде младите ќе можат да ги развиваат своите способности, креативност и тимски дух. Младинците обезбедија финансиски средства за набавка на мебел за Клубот на млади, преку изработка и продажба на рачно изработени поклончиња и боенки за деца преку организирање на дводневен велигденски штанд на градскиот плоштад. Купени и доставени се 3 маси.

63. ООЦК Кичево - Хуманитарен концерт

Целта на проектот е преку организирање хуманитарен концерт да се обезбедат средства за опремување на Клубот на млади во ООЦК Кичево и создавање подобри услови за активно и мотивирано учество на младите. Концертот беше реализиран со учество на 10 реномирани пејачи и 3 КУД, со масовна посетеност, при што беа собрани 28.600 денари. Со средствата се набавени инвертер клима, маси и конференциски столици, со што е подобрена просторијата и создадени се услови за подолгорочно функционирање и ангажирање на младите.

64. ООЦК Кичево - Обнова на кошаркарско игралиште и расчистување на терен

Цел на проектот е да се подобри инфраструктурата на кошаркарското игралиште, да се зголеми неговата функционалност и да се поттикнат младите на поголема физичка активност, спорт, дружење и здрав начин на живот. Реализирани се активности за обезбедување на донации за обрачи и мрежи за кош. При тоа обезбедена е дозвола за обновување на кошевите во Крушино и обезбедени се вреќи за отпад, ракавици, маски како и спреј за фарбање и заштитни средства за дезинфекција. Игралиштето сега има нови комплетни обрачи со мрежа и околината е исчистена од отпад.

65. ООЦК Кичево - Хуманитарен турнир во фудбал

Овој проект имаше за цел обезбедување финансиски средства за поддршка на социјално загрозено семејство (мајка и едно дете) преку организирање хуманитарен фудбалски натпревар. Со заеднички ангажман и вклучување на заедницата, беше овозможена набавка на основен уред фрижидер, потребен за подобрување на секојдневното живеење.

66. ООЦК Кичево - Хуманитарна забава со DJ Влатче

Целта на овој проект е обезбедување финансиски средства за набавка на мебел за Клубот на млади во ООЦК Кичево. Младите ја реализирале идејата преку организирање забава со DJ Vlatce и од продадените карти собрале 12.700 ден со кои средства купиле 8 стола за просторијата на Клубот на млади.

67. ООЦК Кичево - Сцена на младите таленти

Овој проектот имаше за цел да обезбеди средства за опремување и уредување на Клубот на млади во ООЦК Кичево, создавајќи функционален простор за младински активности. Целна група беа младите од локалната заедница кои имаат потреба од соодветен простор за дружење, едукација и волонтерски активности. Во рамки на проектот беа организирани состаноци, промотивни активности и хуманитарен концерт со настапи на ученици од основните училишта. Настанот беше успешно реализиран во Домот на културата во Кичево, при што беа продадени 143 влезници и беа обезбедени средства за подобрување на условите во Клубот на млади, односно беа купени три маси за клубот.

68. ООЦК Кичево - ECO LIFE

Целта на овој проект била подигнување на свеста на граѓаните за рециклирање и зачувување на животната средина. Тимот поставил задача да собере донации и купи канти за рециклирање кои ке се постават во новиот простор на ООЦК Кичево. Изработката на постер имала за цел да ја подигне свеста за важноста од рециклирање и намалено користење на пластиката.

69. ООЦК Кичево - Нашиот простор / Hapësira jonë

Целта на овој проект била уредување на новиот простор на ООЦК Кичево каде младите ќе можат да се дружат и социјализираат и спроведуваат активности. За таа цел организирани се спортски активности и претстава „Евгениј Оњегин“ и продажба на храна и колачи во која е ангажирана заедницата да даде донации за да се купи телевизор кој ќе служи за спроведување на активностите во новите простории на ООЦК Кичево.

70. ООЦК Кичево - Новиот живот / Jeta e re

Целта на овој проект била набавка на вага за мерење на новороденчиња во одделот за гинекологија при болницата во Кичево. Тимот си поставил задача да ги собере потребните средства за купување на вагата преку активности како организација на претстава „Поглед кон прозорец” и продажба на колачи како и донации. Вагата е набавена и е предадена на болницата.

71. ООЦК Кичево - За среќно семејство / Për një familje të lumtur

Целта на овој проект била помош и поддршка на баба на две малолетни деца (4 г. и 6 г.) кои последователно ги загубиле своите родители. Таткото пред три години, а мајката во јануари 2026 година во сообраќајна незгода. Преку изработка на алки и нивна продажба постигната е целта да се обезбеди машината за перење садови на семејство во Кичево.

72. ООЦК Кичево - Old school meets new school

Целта на овој проект била да ги поврзе младите од различни етнички заедници во Кичево преку уметност, креативност и заедничко дружење. За да ја оствараат својата цел, волонтерите повеќе од две недели заеднички подготвувале интеркултурна уметничка изложба со наслов „Old School Meets New School", при што работеле на изработка на уметнички дела, организација и уредување на изложбениот простор и промоција на настанот. Низ заедничката работа тие не само што создале изложба инспирирана од спојот на традицијата и современоста, туку изградиле и нови пријателства, доверба и подобра комуникација меѓу себе. Изложбата била посетена од голем број граѓани и испратила силна порака дека различностите не се пречка, туку можност младите заедно да создаваат и да се поврзуваат.

73. ООЦК Кочани - Еден свет и многу бои

Проектот произлезе од желбата на младинците да придонесат кон надминување на стереотипите и бариерите кои често постојат помеѓу младите од различна етничка припадност. За таа цел, тие го искористиле Регионалниот центар за ментално здравје кој функционира во нивната ООЦК за креирање на серија психолошки работилници, преку кои 10 млади од македонска и ромска националност добија можност подобро да се запознаат, да изградат нови пријателства и да развијат поголемо разбирање и почитување на различностите. Покрај ова, десетте младинци заедно учествувале во изработка на мурал во Дневниот центар за лица со попреченост.

74. ООЦК Кочани - Нинџа желки

Целта на проектот е да се обезбедат кујна и кујнски апарати, облека за 15-годишната Д. и прехранбени производи за тричлено социјално загрозено семејство од с. Оризари. Младинците организирале хуманитарна акција, при што собрале 4.100 денари и прехранбени производи, а потоа и хуманитарен фудбалски натпревар, од кој собрале 19.900 денари. Со вкупно собраните средства набавиле кујна, микробранова печка, фен и електричен бокал, а дополнително обезбедиле и фрижидер од Црвен крст. Кујната и апаратите биле монтирани во домот на семејството. Дополнително, преку донација од продавница за облека, на Д. ѝ биле обезбедени нови тренерки, патики, маици, фармерки и палто.

75. ООЦК Кочани - Нова надеж

Целта на проектот е финансиски да се помогне на самохраната мајка М. и нејзините шест деца и да им се помогне при аплицирањето за социјален стан, со што би се обезбедиле основни услови за живот. Младинците организирале повеќе хуманитарни акции преку кои собрале 33.800 денари, како и храна, облека, обувки и играчки. Организиран бил и хуманитарен кошаркарски натпревар, од кој биле собрани 20.200 денари, со кои биле набавени шпорет и тостер. Биле собрани сите потребни документи и на 06.05.2026 успешно е поднесена апликација за социјален стан, со што проектот придонел кон создавање подобри услови за живот на семејството.

76. ООЦК Крушево - Нашиот парк

Целта на проектот е обновување и уредување на паркот во близина на СОУ „Наум Наумовски – Борче", со цел создавање чиста, безбедна и пријатна еколошка средина за граѓаните и туристите во Крушево. Младинците обезбедиле поддршка од Општината, ЈП „Комуна", Спомен-куќата на Тодор Проески и музејот „Македониум", како и 2 камери за видеонадзор. Организирале еколошка акција во која паркот бил исчистен, уреден и обновен, со лакирање на реквизитите од детското игралиште, отстранување на отпад и стари штици и средување на зеленилото.

77. ООЦК Крушево - Подари насмевка

Целта на проектот е да се обезбеди справа за движење на самохрана мајка со мултиплекс склероза од Крушево, со цел да се олесни нејзиното секојдневно движење и живот. Младинците организирале Е-спорт турнир, продажба на палачинки и собирни акции, со поддршка од хумани граѓани и црквата „Св. Никола". Со собраните средства ја набавиле и монтирале потребната справа, а дополнително преку велигденска хуманитарна акција обезбедиле и голем пакет прехранбени производи за семејството.

78. ООЦК Крушево - Хуманоста низ моите очи

Целта на овој проект била промовирање на хуманоста како универзална вредност преку интеркултурна и младинска медиумска иницијатива со документирање на најмалку 15 реални приказни од граѓани од разлини етникуми од Крушево и правење филм.

79. ООЦК Куманово - Емоција

Целта на проектот е подобрување на условите во одделенијата за неврологија, педијатрија и инфективни болести, како и разубавување на престојот на децата во болниците. Младинците организирале 2 велигденски базари и 2 фудбалски турнири, како и дружење со децата од педијатрија. Со собраните средства обезбедиле 15 постелнини за неврологија, 2 апарати за сушење раце и материјали за освежување на просториите на инфективното одделение. За педијатрија обезбедиле 5 детски постелнини, 5 едукативни играчки и плишани мечиња, со цел престојот на децата да биде попријатен и повесел.

80. ООЦК Куманово - Амбасадори на промени

Целта на проектот е чистење, уредување и разубавување на јавни површини во Куманово, како и подигање на еколошката свест и создавање почиста и поздрава средина. Младинците реализирале еколошки акции на речното корито, кејот и Споменикот „Костурница", при што собирале и селектирале отпад. Во соработка со Младинска Асоцијација „Креатор" реализирале 3 еколошки работилници со ученици и учествувале во модна ревија од рециклирани материјали. Дополнително, засадиле цвеќиња во

Домот за стари лица „Зафир Сајто“, заедно со корисниците, и дрвја во дворот на СОУ Гимназија „Гоце Делчев“.

81. ООЦК Куманово - Мост на различности

Проектот „Мост на Различности“ е заеднички проект на две групи – со македонски и албански мајчин јазик – со цел да се намалат предрасудите и да се гради меѓусебна доверба. Учесниците преку заеднички средби, интерактивни работилници, тимски игри и активности имале можност да се запознаат, да учат за културите и да создаваат нови пријателства. Завршната активност бил интеркултурен концерт со музика, танц, поезија и глума, каде младите испратиле порака за хуманост, еднаквост и заедништво. Настанот вклучил говори од младинците и претставници на Црвен крст, како и видеа од реализираните активности. Проектот покажа дека различностите можат да бидат мост што ги поврзува луѓето.

82. ООЦК Куманово - Наша помош нивна надеж

Целта на проектот е помош на социјално загрозено четиричлено семејство од Куманово, преку подобрување на хигиенските и животните услови и обезбедување храна и облека. Младинците го посетиле семејството и, во соработка со Центарот за социјална работа и училиштето, ги утврдиле нивните потреби. Организирале хуманитарен концерт и собирна акција, преку кои собрале 5.200 денари, а дополнително била обезбедена и донација од 15.000 денари за машина за перење. Со собраните средства биле набавени и неопходни прехранбени и други производи.

83. ООЦК Куманово - Мост на добрина

Целта на проектот е зголемување на еколошката свест кај младите и поттикнување почитување, разбирање и толеранција меѓу различните култури. Младинците организирале културни денови по повод Меѓународниот ден на Ромите, Денот на Турците и Велигден, каде учесниците се запознале со различни традиции, музика, храна и обичаи. Реализирале и креативни работилници за традиционални ора и рециклирање пластични шишиња, преку кои се поттикнувале дружењето, тимската работа и толеранцијата. Дополнително, во ООУ „Христијан Карпош“ испишале мотивациони пораки на училишните скали, придонесувајќи за поубава и попозитивна училишна средина.

84. ООЦК Куманово - Мали креатори

Целта на проектот е поттикнување на креативноста, имагинацијата и уметничкото изразување кај деца од предучилишна возраст (5-6 години) од локалните детски градинки низ градот Куманово. Биле спроведени 15 креативни работилници за цртање, боење, ракотворби и драматизација, реализирани се во 5 градинки и опфатени се повеќе од 200 деца.

85. ООЦК Куманово - Нова надеж

Целта на проектот била изградба на купатило во куќа на семејство од социјално ранлива категорија. По препорака од роднини и по повеќе посети на семејството, младинците утврдиле дека тие користат импровизиран надворешен тоалет кој не ги задоволува основните хигиенски стандарди. За реализација на проектот организирале одбојкарски и фудбалски турнир, преку кои обезбедиле финансиски средства за набавка на градежни материјали. Преку активностите биле набавени цигли, цемент, арматура, плочки и останати материјали, а младинците активно учествувале во подготовката на теренот и почетокот на изградбата. Тоалетот е довршен од страна на самото семејство поради тоа што имаат искуство во граджна работа.

86. ООЦК Куманово - Една пролет полна со бои / Një pranverë plot ngjyra

Целта на проектот била подигнување на еколошката свест, заштита на животна средина преку организација на работилници и конкретна заедничка активност како креирање на цвеќиња од тањири од хартија и чистење на паркот во училиштето „Толи Зордумис". Младите имале шанса да се дружат и подобро да се запознат.

87. ООЦК Куманово - Заедно за повеќе насмевки / Së bashku për më shumë buzëqeshje

Целта на проектот била помош на деца со посебни потреби кои се корисници на Здружението за промоција и развој на инклузивно општество ИНКЛУЗИВ, кое се наоѓа во близина на училиштето „Толи Зордумис". Учениците на ова училиште секојдневно директно ги гледаат предизвиците со кои се соочуваат овие корисници. Причина за имплементација на овој проект е препознавањето на недоволната институционална, финансиска и инфраструктурна поддршка на институциите кога се работи за деца со посебни потреби. Со таа цел тимот на волонтери, преку посета на центарот и директно препознавање на проблемот со кој се соочуваат овие корисници се ангажирале да обезбедат финансиски средства и обезбедиле една количка за лица со посебни потреби.

88. ООЦК Куманово - Го боиме светот на аутизмот со љубов / Ngjyrosim botën e autizmit me dashuri

Проектот беше реализиран преку кампања за подигање на свеста и четири работилници со цел да се поттикнат солидарноста, прифаќањето и поддршката за децата со аутизам. Учениците најпрво го испланираа проектот, истражуваа за аутизмот и остварија средби со наставници и асистенти за подобро да ги разберат потребите на децата. Потоа подготвија креативни и информативни материјали, организираа активности за цртање, боење и заедничка работа, како и пораки за сензибилизација во училиштето и заедницата. Преку реализацијата на работилниците и кампањата, тие придонесоа за поголема информираност, поинклузивна атмосфера и посилна поддршка за децата со аутизам и нивните семејства.

89. ООЦК Куманово - Мали чекори – големи промени / Nara të vegjël, ndryshime të mëdha

Волонтерите утврдиле дека во ООУ „Толи Зордумис" – Куманово недостига технолошка опрема што би ја направила наставата појасна и поинтерактивна, па затоа ја поставиле целта да обезбедат проектор за училиштето. По заеднички состаноци и консултации со директорот, наставниците и дисеминаторот, ги поделиле задачите, подготвиле простор, материјали и организирале каде ги вклучиле учениците од различни одделенија. Настанот во спортската сала на училиштето, со повеќе рекреативни, креативни и друштвени активности, по што собраните средства биле искористени за купување проектор, кој потоа официјално му бил предаден на училиштето.

90. ООЦК Неготино - Обединети во различноста

Целта на овој проект е вмрежување со децата од 5-то одделение од ООУ „Страшо Пинџур" – Криволак. Младинците од ПХВ преку посета, работилници и дружба со учениците целат кон заеднички завршен настан во гимназијата „Св. Кирил и Методиј" во Неготино. Реализирана е креативна работилница (8 Март) Посета на училиштето во Криволак и изработка на осмомартовски честитки заедно со децата за нивните мајки. Потоа организиран е турнир во фудбал и забавни игри со учениците. Направени се неколку посети за припрема и организација на настанот. За крај, реализиран е завршниот настан со игра, песна, рецитали, тазе подготвена храна и преубава атмосфера во заедништво на децата од Неготино и Криволак.

91. ООЦК Неготино - Подадена рака за подобро утре

Целта на проектот е обезбедување на кревет, тепих, ламинат, нов прозорец, обелување на соба, обезбедување на бојлер, чешма за вода за семејство В. од Неготино. Проектот се реализираше преку повеќе планирани активности, хуманитарни акции и координирана соработка со различни институции и организации, меѓу кои основни и средно училиште, Црвен крст – Неготино, маркети, продавници за мебел и фирми за електроника. Главната цел на проектот беше да се развие чувството на емпатија, солидарност и заедништво кај младите, како и да се обезбеди конкретна поддршка за семејство кое се соочува со тешки животни услови. Реализирани се хуманитарни турнири во фудбал, турнир во одбојка и пинг понг и дневна забава. Од реализираните активности купен е ламинат, нов прозорец, бојлер, чешма и туш. Исто така донирани се кревет и тепих од граѓани на Неготино.

92. ООЦК Неготино - Млади за млади

Целта на проектот е подобрување на безбедноста и здравствената заштита во училиштето преку набавка и поставување на целосно опремени кутии за прва помош достапни за секој ученик. Младите имале обид за креирање култура на грижа каде „никој нема да биде оставен сам" во моменти на незгода, истовремено подигнувајќи ја свеста за важноста на првата помош преку дигитални упатства и QR кодови. Целна

група на проектот се сите ученици во СОУ „Св. Кирил и Методиј" кои сега имаат брз пристап до средства за прва помош, како и наставниот кадар и сите вработени кои добиваат поддршка во грижата за безбедноста.

93. ООЦК Неготино - Чекор кон подобро

Целта на проектот била да се подобрат условите за живот на лице со оштетен вид кое живее само и се соочува со здравствени, социјални и финансиски потешкотии. По спроведено истражување, младинците утврдиле дека домот на корисникот има потреба од значително уредување и подобрување на условите за живеење. За реализација на проектот биле организирани повеќе хуманитарни активности, меѓу кои осмомартовски базар, турнир во пинг-понг и хуманитарна музичка забава. Со собраните средства биле обезбедени ламинат, ПВЦ прозорци, и влезна врата, а преку донации телевизор и правосмукалка. Со реализацијата на проектот значително се подобриле условите за живот, безбедноста и секојдневното функционирање на корисникот.

94. ООЦК Неготино - Рака на надежта

Целта на проектот е подобрување на основните услови за живот на семејството Б. од Неготино, преку обезбедување ламинат, нов прозорец, мебел, храна и облека. Младинците организирале хуманитарни акции во училиштето, градинката и игротеката, како и настан на градскиот плоштад и рекреативни трки, со поддршка од локалната заедница и компании. Собрани се средства и донирани храна, облека и играчки. Во мај започнало реновирањето на домот со поставување ламинат и нови прозорци, со што значително се подобрени условите за живот на семејството.

95. ООЦК Охрид - Хуман глас

Целта на проектот е создавање простор за поголемо вклучување на младите од руралните средини во хуманитарни и волонтерски активности. Иако првичната идеја била отворање подрачна канцеларија на Црвен крст Охрид во Дебрца, поради потребата од подолг процес, младинците ја насочиле својата енергија кон уредување на првото младинско подкаст студио при Црвен крст Охрид. Преку хуманитарни активности, концерт и „Escape Room" обезбедиле средства, а со доброволна работа го уредиле просторот.

96. ООЦК Охрид - Нов почеток

Цел на проектот е реновирање на просторот во здружението „Тајните на моето срце" обезбедување на донација од 3 сензорни лаптопи за дигитални игри и социјализација на деца, како и насмевка на лицата не само кај децата кои ќе го користат просторот, туку и кај родителите. Преку донации обезбедени се 3 лаптопи, опремен е просторот со маси, бои, книги, украси, сензорни играчки. Исто така реализирани се работилници исполнети со смеа, цртање, музика, прошетки и искрени прегратки.

97. ООЦК Охрид - Топол дом

Целта на проектот е да се соберат средства со кои на самохрана мајка ќе и се обезбедат нови производи од бела техника, како што се шпорет и фрижидер, кои и се потребни. Семејството го сочинуваат мајка, која живее сама со ќерка која има физичка попреченост. За да ја остварат целта тие организирале креативна работилница и собирна акција по повод 8 Март, проекција на филм, кулинарска работилница за изработка на овошни салати, фудбалски турнир, изработка на хуманитарна боенка и собирни акции. Вкупно собрале 18. 800 денари.

98. ООЦК Охрид - Мозаик

Проектот имаше за цел да промовира интеркултурно разбирање, еднаквост и прифаќање на различностите меѓу младите. Целна група беа ученици и млади од различни културни и етнички заедници. Во рамки на проектот беа организирани интеркултурен настан со филмови и дискусии, тимска работилница преку „treasure hunt" и заеднички излет во Велестово. Дополнително, беше изработен краток документарец за разликите и дискриминацијата. Проектот придонесе за создавање нови пријателства, поттикнување на тимската работа и градење општество засновано на почит, еднаквост и меѓусебно разбирање.

99. ООЦК Прилеп - Сајлент Хил

Младинците имале за цел да обезбедат шпорет, постелнина и алишта за самохраната мајка М. и нејзината ќерка Ј. која е со попреченост, и со која живеает под кирија. Младинците организирале хуманитарни акции преку кои обезбедиле алишта и постелнина, а преку филмска проекција обезбедиле парични средства од кои купиле шпорет и фен за коса.

100. ООЦК Прилеп - Бојан

Целта на младинците во овој проект е обезбедување на финансиски средства за набавка на специјален душек – ортопедско помагало, ортопедска перница и нови ќебиња кое би му помогнало на Боки (дете со церебрална парализа) во секојдневното живеење и да не дојде до влошување на неговата здравствена состојба. Потребните финансии младинците ги обезбедија преку организирање проекција на филм „The proposal" во локална кафетерија Тротоар и хуманитарен турнир во одбојка кој се одвиваше на теренот во склоп на Паркот на Могилата на непобедените, вкупно 17 екипи со над 100 учесници. Самоиницијативно присуствуваа и неколку професори од училиштата. За победниците беше обезбеден пехар. Со собраните пари младинците купија и доставија до семејството ортопедско помагало – душек за декубитни рани и ортопедска перница. Дополнително преку донација беа обезбедени кебиња и постелнина, и истите беа соодветно доставени.

101. ООЦК Прилеп - 12x5

Целта на овој проект е обезбедување парични средства од донатори (60.000 денари организирани во форма на 12 месечни ваучери во вредност од по 5.000 денари уплатени во маркет „Футура"), за семејството на Н. од Прилеп кој е самохран татко со четири малолетни деца и живее во тешка социјална и финансиска состојба. Со помош на хумани луѓе и донатори кои сакале да останат анонимни биле обезбедени 60.000 денари, кои младинците ги уплатиле во маркет „Футура" и на семејството им дале 12 месечни ваучери по 5.000 денари. Проектот ќе придонесе децата од семејството да имаат подобри услови за живот и посигурно секојдневие, а таткото барем делумно да ја почувствува поддршката од заедницата во својата секојдневна борба.

102. ООЦК Прилеп - Нова надеж

Целта на проектот била да се подобрат условите за живот на семејството Д. преку обезбедување нов пвц прозорец и санација на собата во која престојува Б., дете со попреченост. По истражување спроведено во соработка со Центарот за социјална работа и директни посети на семејството, младинците утврдиле дека стариот прозорец пропушта вода, што предизвикува влага и мувла кои негативно влијаат врз здравјето на детето. За реализација на проектот биле организирани хуманитарна филмска проекција и креативни велигденски работилници во детски градинки. Со собраните средства бил набавен и поставен нов ПВЦ прозорец, биле санирани оштетените делови од ѕидовите, а просторијата била исчистена, дезинфицирана и варосана.

103. ООЦК Прилеп - Матура

Проектот во Прилеп беше реализиран по претходно истражување на потребите во Центарот за социјална работа и разговор со таткото на матурантот Д.Н. Утврдено беше дека тој потекнува од семејство со тешка социјална состојба и поради ограничените финансиски можности немал соодветна облека и обувки за својата матурска вечер. Со цел да му се овозможи достоинствено да присуствува на овој значаен настан, ПХВ волонтерите организираа хуманитарна акција и, со поддршка од донатори и локален бутик, обезбедија два костума и чевли. Со реализацијата на проектот, Д.Н. доби можност рамноправно да ја прослави матурската вечер со своите врсници, да создаде убави спомени и да почувствува поддршка од заедницата.

104. ООЦК Прилеп - Различни музички вредности

Проектот беше реализиран со цел да ги поттикне средношколците од Прилеп да се запознаат со музика од различни јазични и културни подрачја. Тие организирале вечер со музика од различни националности во кафе „Ин". Преку избор на песни и музички спотови од разни јазици, учениците имаа можност да слушнат нови звуци, да споредат различни музички култури и да развијат поголема љубопитност и почит кон различностите.

105. ООЦК Пробиштип - Подаваме рака, градиме надеж

Целта на овој проект е да се подобрат условите за живот на фамилијата А., составена од самохран татко и пет малолетни деца, и да им се обезбеди побезбеден и подостоинствен дом. Преку низа хуманитарни, спортски и креативни активности, со поддршка од граѓаните, беа собрани средства и донирани мебел, бела техника, облека, храна, средства за хигиена, училишен прибор и други неопходни работи за домаќинството.

106. ООЦК Пробиштип - Заедно за шепи

Младинците имале иницијатива за стерилизација на бездомни кучиња за да ги заштитат луѓето.Започнале со план за собирање средства и едукативни активности. Првата акција била реализирана по повод Денот на жената, кога изработиле и продавале рачно направени ружи и честитки. Следно, на манифестацијата „Зелникот на баба" преку продажба на вафли и мафини обезбедени биле додатни финансиски средства. За да се подигне свеста, одржан бил состанок со ветеринари од „Вива вет" и со претседателката на здружението „Вита Максима", која има дадено силна поддршка и насоки за подобар пристап. Потоа, на „Пробиштипскиот маскенбал" организирана била продажба на мафини и цедевита. Завршната активност била со едукативен карактер за ученици од 3 одделение на тема „Како правилно да се однесуваме со бездомните животни?".Со сите овие активности собрани биле вкупно 8.800 денари и овозможени биле 8 стерилизации, покажувајќи дека преку младинска енергија и заедништво можат да се постигнат вистински промени за заштита на здравјето.

107. ООЦК Пробиштип - Топлина во секој агол

Целта на проектот е да се подобрат условите за живот на социјално загрозено ромско семејство со самохрана мајка, незгрижен брат и две малолетни деца. Преку повеќе хуманитарни работилници, настани и акции беа собрани 12.800 денари, со кои е набавен фрижидер, а дополнително се обезбедени две креветчиња, биро и тросед. Со успешната реализација на проектот се подобрени условите за живеење на семејството и е обезбедена поддршка за децата.

108. ООЦК Пробиштип - Чувари на планетата

Целта на проектот е да се соберат и продадат најмалку 200 парчиња облека од втора рака преку организиран штанд на градскиот пазар, со што ќе се обезбедат средства за купување и засадување на 100+ садници дрвја на површини оштетени од пожарите во септември 2025 година, при што се прави намалување на текстилниот отпад и придонес кон обновување на локалниот еко систем. Реализирани се активности за обезбедување на садници од црн бор за пошумување на области кои биле зафатени од шумски пожари. Реализирана е акција за пошумување во соработка со СПД Пробиштип. Исто така во центарот на градот реализирани се собирни акции за облека која потоа е продавана по симболична цена од 50 денари. Дел од облеката е донирана на социјално загрозени семејства, а собраните средства од продажбата на облеката и

маскембалот се пренаменети за лекување на млад сограѓанин, затоа што садниците кои се посадени се обезбедени како донација од Македонски шуми.

109. ООЦК Пробиштип - Светлина за едно детство

Целта на овој проект била обезбедување финансиска помош и придонес во лекување на 6 годишно дете од малигна болест кое има потреба од лечење во странство. Без лечење последиците можело да бидат фатални. Трошоците на таквото лекување се огромни (15 000 Евра) и семејството не е во состојба да ги обезбеди. Инаку тимот се запознал со семејството кога дошле да побараат помош во просториите на ООЦК Пробиштип. Тимот навистина вложил напор и се организирал преку собирни акции, продажна на храна и панделки по повод недела на борба против рак, организација на стенд уп комедија, маскенбал по повод 1 Април, и изготвиле Велигденски честитки кои ги делеле по институции.

110. ООЦК Радовиш - Мост на генерации

Оваа група младинци одлучила своето време да го посвети на лицата сместени во пензионерските домови во нивниот град. Организирале работилници и средби преку кои заеднички го поминувале времето и учеле едни од други - како да плетат, решавале заедно крстозбор, организирале натпревар во друштвени игри, прославиле 8 Март а исто така, во соработа со ЈЗУ Радовиш, организирале преглед за глауком и крвен притисок и шеќер во крвта.

111. ООЦК Радовиш - Дар од срце

Проектот беше иницира од желбата на групата да придонесе за обновување на градинката во која пораснале дел од членовите. По состаноци со дисеминаторот, директорката и вработените, беше утврдено дека најголема потреба има најстарата зграда на градинката, која се соочува со ограничени финансиски средства и мал број деца. За таа цел беа организирани собирни и едукативни активности, меѓу кои изработка и дистрибуција на чоколатца со пораки, креирање боенки и работилници со децата, како и презентација за хигиена. Со собраните средства беа набавени материјали за уредување на дворот. Волонтерите ја расчистија и разубавија патеката за одење, ги обновија цртежите за игра, ги реновираа и украсија скалите, а по дополнителна подготовка на стариот ѕид го украсија со нови цртежи. Со реализацијата на проектот, дворот доби целосно освежен и попривлечен изглед, создавајќи попријатна средина за децата и вработените.

112. ООЦК Радовиш - The furious five

Целта на овој проект е да се обезбеди поддршка за едно семејство – татко и неговите две малолетни ќерки, кои по прераната загуба на мајката се соочиле со големи животни предизвици. Поради новонастанатата ситуација, девојчињата презеле значителен дел од домашните обврски и одговорности. Со цел да им се пружи емоционална

поддршка и можност повторно да уживаат во безгрижните детски моменти, младите организираа пет креативни и едукативни работилници. Преку различни активности, девојчињата имаа можност да стекнат нови знаења и вештини, да ги споделат своите искуства и интереси, како и да поминат квалитетно време во дружење, игра и учење. Проектот придонесе за нивна поголема самодоверба, социјализација и чувство на припадност и поддршка во заедницата.

113. ООЦК Радовиш - Сонца

Целта е да се помогне на семејството преку донирање на нов функционален шпорет за греење кое ќе помогне зимата да ја поминат полесно, како и да се однесат 4 пакети со храна и училишен прибор потребен за децата и реализација на работилници со девојчето преку кои на забавен начин ќе успееме да ја научиме основни математички и правописни правила. Реализиран е хуманитарен турнир во фудбал од кој се купени шпорет на дрва, 3 ранци, училишен прибор, исто така реализирани се 3 работилници за социјализација и едукација на девојчето корисник на проектот.

114. ООЦК Ресен - Книгата-наш пријател

Оваа група младинци се одлучила да придонесе кон зголемување на интересот на учениците од нивното училиште за користење на училишната библиотека преку изработка на мини маркери за книги и поправка и чистење на кориците на книгите во библиотеката. Покрај ова, учениците организирале и презентација за значењето на читањето, користењето на библиотеката и важноста на книгите во образованието и личниот развој, а потоа им биле поделени и направените мини маркери.

115. ООЦК Ресен - The bright night

Целта на младинците е преку мултикултурна вечер каде сите се споени под ист кров преку музика, маски и забава, но истовремено и да обезбедат помош и на загрозени семејства и да им овозможат на нивните деца да се дружат и одат на екскурзија како полуматуранти. Едното дете живее со својата баба која сама се грижи за него и неговите брат и сестра, а другото дете живее со својата самохрана мајка која има ментални потешкотии и уште други две деца. И двајцата се деветто одделение. Младинците направија работилница за изработка на маски, подготвија материјал за украсување на локалот во кој се одржа забавата. На забавата имаше маски, културна размена и доказ дека во мал град како Ресен постојат таленти што го надминуваат времето. Собраните финансиски средства уплатени се на сметка на Црвениот крст, па од таму на агенцијата за патување, а дел беа искористени за облека и обувки како потребни работи за екскурзија на двете деца.

116. ООЦК Ресен - Од срце за срце

Целта на ПХВ тимот од ООЦК Ресен е давање на дискретна поддршка на 7 соученици, полуматуранти, од ранливи семејства со ниски примања или со социјална помош, со

собирање на финансии за нивно учетсво за фотографирање за табло и алманах, со заштита на нивното достоинство. За спроведување на целта, остварени се контакти и разговори со педагог, психолог и директорката на нивното училиште, и договорен целосен пристап за заштита на нивното достоинство. За остварување на целта и собирање на финансиски средства, организиран е хуманитарен фудбалски натпревар со котизација и доброволно давање во кутија на Црвен крст; работилница за правење на маски; вежбање со музичари преку што собрани биле 2.400 ден. Средствата се искористени за поставената цел, при што целосно е обезбедено достоинството на соучениците и гордост за позитивниот резултат на тимот.

117. ООЦК Ресен - Мода со мисија

Целта на овој проект била да се подигне свеста за намалување на текстилниот отпад и да се покаже дека старата облека може да добие нов живот, наместо да заврши како отпад. Во основните училишта во Ресен биле поставени контејнери за собирање облека, при што за кратко време било собрано големо количество неупотребена облека. Организирана била и отворена работилница, на која старата облека била преработувана во нови и корисни модни парчиња. Резултатите биле претставени преку модна ревија по повод Денот на планетата Земја во Сарајот – Дом на културa, збогатена со уметнички дела од „Преспа арт". Едукативниот материјал бил дониран во сите училишта во Ресен, а дел од преработените парчиња и уметничките материјали биле донирани во дневниот центар за лица со посебни потреби.

118. ООЦК Ресен - Ѕвезди под исто небо

Целта на проектот е да се промовираат емпатијата, хуманоста, почитта и другарството помеѓу учениците, како и да се подигне свеста против булингот. Младите креирале „Хумано катче" или „Ѕид на добри мисли" за своите соученици. Главни корисници на проектот се учениците од две основни училишта, од прво до деветто одделение во Ресен. Посебен акцент е ставен на учениците кои се соочуваат со булинг, дискриминација, социјална изолираност или потешкотии во меѓусебната комуникација и прифаќање.

119. ООЦК Ресен - Хумани ресенчани

Проектот беше реализиран со цел да се подобри секојдневието на децата од Дневниот центар во Ресен преку создавање едукативен и практичен простор за работа со растенија. По разговори со вработените и корисниците, како и по увид на теренот, тимот утврди дека на децата им недостигаат практични активности преку кои ќе учат за природата, ќе развиваат моторички и социјални вештини и ќе стекнуваат чувство на одговорност. Затоа беше донесена одлука да се изработи пластеник, кој ќе овозможи децата активно да учествуваат во садење, одгледување и грижа за растенијата. За реализација на проектот тимот обезбеди донации од локални поддржувачи, вклучувајќи градежни материјали, земја, компост и расад, а потоа заедно со децата

учествуваше во поставување на пластеникот и уредување на просторот. Со проектот беше создадена долгорочна придобивка што ќе продолжи да се користи за едукација, социјализација и сензорен развој на корисниците.

120. ООЦК Струга - Страници на радоста

Оваа група на млади луѓе имала за цел да им овозможи на децата од рурална средина да имаат повеќе креативни активности, да им ја поттикнат желбата за успех и креативни способности преку дискусии за празници, традиции, животна средина но и емпатија и другарство. За да го постигнат ова, младинците со дозвола на училиштето и во соработка со одделенската раководителка на едно трето одделение во училиштето „Јонче Кржески" од Мислешево, спроведуваат 5 работилници со третоодделенците, на кои ги покриваат сите овие теми. Младинците собираат донации за да нацртаат мурал во училиштето како и да ја зајакнат неговата библиотека со уште повеќе книги и лектири. Донацијата на бои, четки и други потребни работи за муралот ја собираат од повеќе дуќани и работилници, а книгите и лектирите со поставување на штанд во друго училиште во Струга. За да ги вклучат сите ученици од училиштето во Мислешево во заедничка активност, организираат и ликовен конкурс на отворена тема. Обезбедуваат и мали награди за сите вклучени.

121. ООЦК Струга - Мали дела, големи срца

Целта на овој проект била да се поддржат децата со попреченост и да се поттикне нивната поголема вклученост во училиштето и заедницата. Најпрво било обезбедено помагало – таблет за ученик со церебрална парализа, со цел полесно пишување, следење на наставата и поголема активност во секојдневниот живот. Дополнително, за ресурсниот центар при ООУ „Браќа Миладиновци" во Струга биле обезбедени играчки, боички, сензорни материјали и едукативни средства. Во рамките на проектот биле реализирани и повеќе активности за подигнување на свеста за инклузијата, меѓу кои работилници по повод Денот на лицата со Даунов синдром и Меѓународниот ден на лицата со аутизам, креативна спортска работилница и проекција на едукативен филм. Преку овие активности младите учеле за еднаквоста, прифаќањето на различностите, толеранцијата и меѓусебната поддршка.

122. ООЦК Струга - Хуманост во акција

Целта на ПХВ тимот била да обезбеди хуманитарна помош за лица и семејства на кои им била потребна поддршка. Тимот помогнал со средства за оперативен зафат, облека, храна, хигиенски производи и други потреби за деца, матурантки и семејство од с. Јабланица. За собирање средства биле организирани хуманитарни забави, креативни активности и соработка со компании, при што биле собрани 25.000 ден. Преку овие активности тимот ја поттикнал солидарноста и свеста за важноста на помагањето на оние на кои им е најпотребно.

123. ООЦК Струга - Пријателство без години

Целта на проектот била да се намали чувството на осаменост кај постарите лица преку дружење, разговор, меѓусебна поддршка и помош во секојдневните активности, како и да се поттикне меѓугенерацискатa солидарност. По спроведено истражување младинците идентификувале повеќе постари лица кои имаат потреба од внимание, дружење и практична помош, особено за време на викендите. Во текот на проектот реализирале бројни посети, разговори, набавка на намирници, помош во домот и дворот, подготовка на храна, прошетки и учество во активности со пензионери. Преку воспоставување искрени односи со корисниците, проектот придонел за намалување на нивната социјална изолираност и подобрување на нивното секојдневие.

124. ООЦК Струга - Чувари на иднината

Со јасна цел за подигнување на свеста за грижата кон природата во нивната околина, младинците ги вклучуваат сите жители во еколошки акции, спортови, планинарења, активности во природа, едукација на најмалите во градинките и основното образование за важноста за зачувувањето на околината, развивање на еколошката свест за грижа на сите во природата, засадување на костени, едукативни игри и работилници, донирање на здрава храна кај првачињата, рециклирање на шишиња, изработка на мурал, еко-акции, возење велосипеди, презентација за рисот.

125. ООЦК Струга - Вистинско влијание / Ndikimi i vërtetë

Целта на овој проект била помош на семејство од различна етничка припадност кое има дете со аутизам. Преку директна посета препознаена е потребата на семејството во основните секојдневни потреби како храна, хигиенски материјали и облека. Со организација на фудбалски натпревар и поставување на кутии за донација обезбедените се средства кои се употребени за олеснување на тешката состојба на семејството. Иако ова ќе нема долгорочен ефект, креирано е чувството на емпатија и хуманост кај тимот кој веруваме ќе продолжи со активност за поддршка, а кај семејството ќе створи чувство дека не се сами во тешките ситуации.

126. ООЦК Струга - Насмевка за секој ден / Një buzëqeshje për çdo ditë

Тимот организирал интеракција со деца од градинка преку игра во која собрале донација за да помогнат на социјално загрозено семејство со купување на машина за перење алишта и храна. Семејството е одбрано по разговор со Општинска Организација на Црвен крст Струга. Младинците поминале корисно време работејќи во тимови развивајќи ја емпатијата, хуманоста и солидарноста.

127. ООЦК Струга - Светот со бои / Bota me ngjyra

Проектот беше реализиран со цел да се подобрат условите во градинката и да се создаде поубав, потопол и помотивирачки простор за децата. По разговори со раковод-

ството и персоналот на градинката, тимот ги утврди потребите на објектот и започна со подготовки за реализација на активностите, при што обезбеди донации од бои, четки, ракавици, цртежи и други потребни материјали. Волонтерите најпрво учествуваа во уредување и чистење н просторот, засадување цвеќиња, а потоа и во боење и разубавување на ѕидовите со шарени и детски мотиви, притоа организирале и креативни работилници и поминувале време со учениците. Со проектот беше подобрен изгледот на градинката, а децата и вработените добија поинспиративен простор за престој и секојдневни активности.

128. ООЦК Струга - Светло на солидарноста / Drita e solidaritetit

Проектот беше реализиран со цел да се обезбеди конкретна помош за семејство во социјален ризик. По разговори со Црвениот крст и по теренска посета на семејството, тимот ги утврди најитните потреби и одлучи да организира хуманитарен одбојкарски турнир за собирање средства. Волонтерите го испланираа настанот, обезбедија простор, подготвија и продаваа билети во повеќе места и побараа поддршка од спонзори. Со собраните средства беа набавени основни производи и покуќнина, кои потоа му беа доставени на семејството.

129. ООЦК Струга - Едно небо, едно срце

Проектот беше интеркултурна акција преку која младите од различни етнички и верски заедници во Струга работеа на повеќе теми: соживот, насилство, стереотипи и предрасуди, празници, јазик, здравје, зависности и заедничко дружење. Во рамки на проектот тимот организираше панел-настан „Еден поинаков 8 Март – Цвеќе не е доволно", при што контактираше и вклучи педагог, социолог, психотерапевт, претставник од Женска инфо точка и службени лица од МВР, а потоа реализираше и дополнително предавање за препознавање и пријавување насилство. Дополнително беа организирани посети на градинки, прослава на Летник, заеднички ифтар, подкасти за Бајрам и Велигден, работилници за стереотипи и предрасуди, одбојкарски турнир, филмска вечер, планинарско-меѓуетничка тура со посета на црква и џамија, изложба, литературен конкурс, активности за запознавање на традиции и предавање за зависности. На овој начин проектот опфати повеќе генерации и различни теми, а кај учесниците придонесе за подобра комуникација, поголема меѓусебна почит и намалување на предрасудите

130. ООЦК Струмица - Заедно за нови почетоци

Овој тим на младинци одлучил да му помогне на едно петчлено семејство во обезбедување на мебел кој ќе им овозможи подостоинствен живот. Семејството составено од родители и три деца на возраст од 16, 10 и 8 години живеело во само една соба бидејќи не биле во можност да ја опремат собата со мебел. Од овие причини, младите се обиделе да обезбедат основен мебел - кревети и шкаф, а исто така и сакале да помогнат со облека за семејството. Младите спроведоа собирни акции - онлајн кампања за

донација на мебел и кутија за донирање за време на државното првенство во одбојка. Обезбедиле два кревета и шкаф, кои ги доставиле со помош на еден сосед кој имал комбе, а самите ги поставуваат во собата. Од собраните средства купуваат постелнина. На семејството му донирале и облека, која исто така ја добиле од донации.

131. ООЦК Струмица - Чувари на природата

Целта на овој проект била подигнување на свеста кај населението на општина Босилово за правилен однос кон уредување на проблемот со расфрлан отпад, особено во централниот дел на општината. Со претходно користење на консултативно знаење и информации набавени се и се обезбедени дозволи поставени се 20 пластифицирани знаци за 20 канти за отпад и 2 единици на универзален силикон за информирање и подигната свест за правилен однос со отпадот. Со цел обезбедување на финансиски средства, организиран е турнир во баскет со учество на 4 екипи, при што од влезници и котизација собрани се 1.500 ден. и истите искористени беа за поставените знаци.

132. ООЦК Струмица - Мостови на пријателство

Целта на проектот била децата од најмала возраст да се ослободат од стереотипи и предрасуди врз основа на вера, националност или боја на кожа, преку поттикнување на дружење, толеранција и соживот. Во рамките на проектот биле реализирани посети на верски објекти и интеркултурна приредба „Мостови на пријателство“, со драматизациите „Армасот на Митко и Бисера“ и „Веридбата на Ајше и Мехмед“, збогатена со настапот на Агушев. На децата им биле доделени боенки, а на наставничките и директорите на двете основни училишта им биле врачени благодарници.

133. ООЦК Струмица - Театар на добрината

Целта на проектот е реновирање на собата на 19 годишната М. која оваа година е матурантка, да и се обезбеди фустан, обувки и фризура за матурската, а исто така и шминка и фризура за фотографирањето за табло. Реализирани се бројни активности за помош на семејството како филмска вечер, хуманитарна забава со цел обезбедување на нов кревет, бојадисување на собата и обезбедување на фустан и обувки за матурската вечер. Исто така од собраните средства купени се нов душек, кревет и завеси за собата.

34. ООЦК Струмица - Семе на промена

Преку овој проект младите направиле обид за доградба на стакленик во училиште во Струмичко. Тие собрале 5.300 денари преку организирање на хуманитарен турнир во одбојка. Исто така организирале и изработка на честитки по повод 8 Март кои потоа ги поделиле во градот. За жал, по низа околности не успеале да ја реализираат крајната цел по што средствата биле пренасочени кон друг ПХВ проект во ООЦК Струмица.

135. ООЦК Свети Николе - Спој на светови

Целта на проектот била да се промовираат традицијата, културното наследство и кулинарската разновидност преку подготовка на книга со традиционални и современи рецепти, која не била реализирана. Сепак, младинците реализирале повеќе активности, меѓу кои креативни работилници, штандови за Тодорица, 8 Март и Велигден, подготовка на традиционални македонски јадења, како и посети на црквата „Св. Николај", Народниот музеј во Свети Николе и Атице Муратова во с. Дорфулија. Преку активностите биле промовирани традицијата, историјата, културата и почитта кон природата.

136. ООЦК Свети Николе - Мрежа на добри дела

Целта на проектот била да се подобрат условите за учење и престој на учениците во ООУ ПО „Даме Груев" во Амзибегово, преку уредување на училишниот простор и подигнување на еколошката свест. Тимот организирал едукативна работилница, спортски игри, хуманитарен штанд и лотарија, преку кои биле собрани 26.000 денари, а дополнително биле обезбедени спонзорства во вредност од 77.000 денари. Со средствата била поставена нова ограда, уредени ѕидовите и дворот, заменета канализациската цевка, бетонирана јама и обезбедена клупа, со што значително биле подобрени условите во училиштето.

137. ООЦК Свети Николе - Крилја на добрината

Целта на овој проект била да се обезбеди помош на две социјално загрозени семејства (6 члена секое), подобрени услови за живот преку снабдување на печка на дрва, комода за телевизор, нутри-булет и основни потреби за новороденче и трпезариска маса со 6 столици за другото семејство. Четири деца од едното семејство претстојуваат во СОС Детско село и се без мајка која ги напуштила. Едното од децата има и новороденче кое имало потреба од основни бебешки работи како памперс, цуцли, шишиња, итн.

138. ООЦК Свети Николе - Подари насмевка

Целта на проектот била да се подобрат условите за живот на 11-членото семејство од с. Дурфулија преку обезбедување машина за перење, бојлер и електричен шпорет. Младинците од општина Лозово организирале хуманитарни штандови, продажба на колачи, палачинки и рачно изработени нараквици, проекција на филм и собирање донации од локални бизниси. Со собраните средства и донации била обезбедена потребната опрема за семејството, со што биле подобрени условите за живот и одржување на хигиената, а најстарата сестра добила повеќе време за своите обврски и грижа за помладите браќа и сестри.

139. ООЦК Свети Николе - Искра на надеж

Целта на проектот била да се подобрат условите за учење, развој и секојдневно функционирање на дете со аутизам кое живее со својата баба во тешки услови. По спроведено истражување и теренска посета, младинците утврдиле дека во домот недостасуваат основни услови за учење и организирано секојдневие. За реализација на проектот биле организирани повеќе хуманитарни активности, меѓу кои штандови со пуканки и сокови, продажба на балони и пораки по повод 8 Март, продажба на чорапи по повод Денот на шегата и Светскиот ден за подигање на свеста за аутизмот, како и хуманитарен турнир во мал фудбал. Со собраните средства биле набавени биро, стол, телевизор и комода, со што биле создадени подобри услови за учење, развој и поквалитетен живот за детето и неговата баба.

140. ООЦК Тетово - Да соработуваме, да помогнеме, да насмееме

Главната цел на проектот е да се создаде мост помеѓу децата од различни заедници преку дружење, игра и хуманост. Младинците сакаат да изградат атмосфера во која секое дете ќе се почувствува сакано, прифатено и важно. Преку заедничка активност до поттик за толеранција, почитување, соработка и искрено пријателство. Активноста на младинците се одвиваше на плоштадот во Тетово каде што на штанд имаа поставено храна и пијалоци, игри и омилени маскоти кои би предизвикале најголема радост кај децата. Се пееја детски песни, се играа игри и децата се фотографираа со маскотите.

141. ООЦК Тетово - Поддршка за секое дете

Овој проект бил насочен кон децата од социјално ранливите семејства во Тетово од различни етникуми. Најпрво направиле воведна работилница во просториите на Црвениот крст, каде децата ги споделиле своите соништа и желби. Потоа организирале хуманитарен концерт. Додека третата активност се одржала во Е-спорт арената „Матрикс", каде децата уживале во модерна забава и меѓусебно дружење. Четвртата работилница била од едукативен карактер и се реализирала во просториите на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Тетово, каде во соработка со нивниот тим работеле на креативно изразување на корисниците. Финалето на проектот било на градскиот плоштад во Тетово, каде се забавувале со волонтери облечени во маскоти и делеле чоколади и сокови.

142. ООЦК Тетово - Волонтери без граници

Целта на проектот била да се обезбедат медицински прегледи и соодветни очила за девојчињата Л.З. и М.З., кои се соочувале со сериозни проблеми со видот и висока диоптрија, што им го отежнувало секојдневното функционирање, читањето и следењето на наставата. Младинците посетиле повеќе оптики, собрале средства со поддршка од други млади и организирале очен преглед и изработка на очила. Благодарение на поддршката од една оптика, девојчињата добиле соодветни очила и подобри услови за образование и секојдневен живот. Дополнително, по повод матурата на Л.З., биле обезбедени патики за двете девојчиња како дополнителна поддршка.

143. ООЦК Тетово - Моќта на различноста

Младинците си поставиле цел да им помогнат на учениците со посебни потреби од ООУ „Лирија" Тетово при социјализацијата, дружењето и да организираат креативни работилници. Младинците организирале серија креативни работилници насочени кон инклузија и сензорно искуство. Првата активност била изработка на цветови од макарони со различни текстури, што треба да ги развива фината моторика и креативноста. Потоа следела работа со сложувалки и дрвени стапчиња, каде децата во парови создавале форми и ги боеле со темперни бои, учејќи ја вредноста на тимската работа. Секоја завршена творба била проследена со аплауз и радост. На крај организирале изложба во училиштето, каде родителите биле трогнати од постигнатото. Проектот продолжил со посети во Дневниот центар „Тетекс", каде активностите биле прилагодени за лица од различна возраст, потврдувајќи дека потребата за внимание, социјализација и креативно изразување е универзална.

144. ООЦК Тетово - Еко проект Тетово

Целта на проектот била да се подобрат условите во Центарот за лица со попреченост при детската градинка „Тетекс" во Тетово, преку уредување на дворот, освежување на просторот и поттикнување на дружењето со децата. Тимот организирал две креативни работилници, мала коктел-забава и други активности, при што децата активно учествувале преку цртање и креативни активности. Дополнително, биле бојадисани ѕидовите, уреден и бетониран дворот, засадени цвеќиња, поставени украсни камења и ограда, а обезбедени биле и потребен мебел и материјали. Значаен дел од средствата биле обезбедени преку хуманитарен концерт. Со реализацијата на проектот бил создаден побезбеден, поубав и попријатен простор за децата, вработените и родителите, а истовремено била подигната еколошката свест во локалната заедница.

145. ООЦК Тетово – Заедно со учениците -донација на 45 лектири во ООУ "Коста Рации" во Брвеница

Целта на проектот е да се придонесе за подобрување на условите на училиштето во Брвеница преку обезбедување на потребни училишни магеријали. Да им се помогне на учениците да имаат подобри услови за учење и да се поттикне хуманоста и солидарноста кај младите. Спроведени се активности за собирање средства од хуманитарни акции. Со заеднички труд и организација беа собрани 14.000 денари со кои беа купени книги. Донацијата беше спроведена во соработка со училиштето, со цел материјалите да стигнат до учениците на кои им се најпотребни.

146. ООЦК Тетово - Деца со попреченост-еднакви во љубовта и вредностите

Проектот имаше за цел да поттикне инклузија, еднаквост и прифаќање на децата со попреченост, преку создавање пријатна и поддржувачка средина за дружење. Во активностите беа вклучени деца со попреченост, волонтери и локалната заедница, со што се зајакнала свеста за важноста на различностите. Се обезбедиле средства и се

организирани креативни работилници, заеднички игри и едукативни активности преку што директно се поддржани пет деца. Проектот придонесе за развој на хуманост, солидарност и емпатија кај младите.

147. ООЦК Тетово - Седиме заедно без пречки

Проектот има за цел да ја подобри инклузијата на лицата со инвалидитет преку поставување прилагодени клупи во јавни простори. За обезбедување финансиски средства беше организиран хуманитарен концерт со поддршка од локални уметници од Тетово. Беа собрани 15.000 денари, средства потребни за купување на железо, мајсторите волонтерски ја направија целата работа. Поставена е една инклузивна клупа во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Тетово, додека останатите 4 клупи низ градот на разслични локации. Проектот придонесе и за подигнување на јавната свест за потребите на лицата со инвалидитет и значењето на пристапните јавни простори.

148. ООЦК Тетово - Поинаков ден за ниv / Një ditë ndryshe për ta

Целта на овој проект била подобрување на условите за деца со посебни потреби кои го поминуваат денот во училниците при училиштето „Лирија". Идентификувано е дека лошите услови во училниците за деца со посебни потреби влијае негативно на расположението на овие деца. Со вложени напори на волонтерите се изработиле и продале рачни изработки додека со преговори успеале да обезбедат и донација. Преку вложениот труд обезбедиле адекватни материјали за сензорична соба за смирување на децата, го уредиле просторот преку фарбање на истата и обезбедиле играчки и училишни материјали. Исто така поминале часови во игра и забава со овие деца.

149. ООЦК Тетово - Царството на природата / Sfera e Natyrës

Целта на овој проект била подобрување на условите за социјално психолошки и физички развој на учениците од с. Бродец, Тетово кое се наоѓа на 1200 м. надморска висина, каде децата и учениците имаат ограничена можност за квалитетно дружење преку игра бидејќи се наоѓа и оддалечено од градот Тетово. Со таа цел, организиран е хуманитарен концерт, подготвен е постер, собрани се донации преку заедницата и се инвестирало во уредување на просторот во училиштето. Проектот има и еко димензија бидејќи се поставени и канти за отпад и клупи за родителите.

150. ООЦК Тетово - Гласови на културата / Zërat e kulturës

Целта на овој проект била промоција на соживот и меѓукултурен дијалог преку реализација на документарен филм кој ја претставува животната историја на пензионерите од албанска, македонска и турска националност во Тетово. Соочени со губењето на културните и хуманите вредности кои постоеле во минатото , оваа група на волонтери вложила многу часови во комуникација и обезбедување на потребните средства да се направи документарен филм кој ке ги потсети младите дека некогаш постоела многу

јака корелација помеѓу луѓето кои живееле во Тетово. Интересно е што многу вредни работи се обезбедени без никакви средства туку чиста волонтерска работа.

151. ООЦК Тетово - Рака на надежта / Dora e shpresës

Проектот беше реализиран со цел да се обезбеди конкретна помош за две семејства во тешка социјална состојба и за Здружението на глуво-слепи лица во Тетово. По теренски разговори со Центарот за социјални работи, педијатар и со претставници на здружението, тимот ги утврди најитните потреби на корисниците и започна со активности за собирање средства и донации. Тие направија настан каде продаваа домашно подготвена храна и собраа средства. За првото семејство беа обезбедени храна, облека, училишен прибор и копирани учебници, со цел децата да можат полесно да го продолжат образованието, а дополнително им беше овозможена и психолошка поддршка. За второто семејство беа набавени прехранбени производи и облека, со што барем привремено се олесни нивната секојдневна егзистенција. Воедно, за Здружението на глуво-слепи лица беа набавени и донирани 5 помагала, со што директно се помогна на лица со оштетен вид да имаат поголема самостојност во движењето. Средствата беа обезбедени преку продажба на храна во центарот на градот и преку собирање пари во училиштето.

152. ООЦК Тетово - Пријатели на природата / Miqtë e natyrës

Проектот опфати еколошки работилници во 7 основни училишта, од кои 2 во рурални средини, со вклучување на околу 300 ученици.Тие организираа хуманитарен базар преку готвење на домашна храна за да обезбедат средства за материјалите кои им беа потребни. Во рамки на проектот беа собрани и рециклирани 529 пластични шишиња, а потоа волонтерите го уредија и дворот на Здружението на пензионери преку чистење, садење цвеќиња и садници и разубавување на просторот. Така, проектот истовремено придонесе за едукација на децата и за подобрување на условите за Здружението.

153. ООЦК Штип - Силна порака

Согледувајќи потреби за хуманитарна акција и помош, ПХВ тимот од ООЦК Штип се одлучува да ги истражи потребите во Дневниот центар за лица со посебни потреби „Порака“ во Штип, при што, првично имале средба и разговори со едукаторите во Центарот, а потоа направиле организиран контакт и разговор со корисниците утврдувајќи дека имаат приоритетна потреба за телевизор со соодветни димензии и можност за нивно аедничко дружење и информирање. За реализација на целта организирани се и спроведени следните активност и: организирани се и спроведени две работилници за рачни изработки посветени на денот на пролетта или карактеристика за Штип - Четерсе, и, за велигденските празници, со штандови за продавање; хуманитарна донација од ученици во две средни училишта - ДМУЦ„Сергеј Михајлов“ и СОУ „Димитар Мирасчиев“, со собрани 10.500 ден., со кои е купен и доставен телевизор; организирано заедничко дружење и прошетка со корисниците со што се постигна социјализација и инклузија.

154. ООЦК Штип - Зелено училиште

Со цел подигнување на еколошката свест кај учениците и создавање почиста и поубава училишна средина младинците преку избор на најчиста училница учениците се поттикнале да водат поголема грижа за хигиената и животната средина. Реализирани биле неколку работилници за изработка на рози, Велигденска работилница, креативна работилница со боење камења и правење на цветни саксии од пластични шишиња и организирање еколошки квиз.

155. ООЦК Штип - Мостови преку зборови

Целта на овој проект била интегрирање на две деца доселеници од Австралија во помош во изучувањето на македонскиот јазик. Преку 15 обуки се помогнало на две деца сограѓани да им го олеснат и забрзаат интегрирањето во заедницата поконкретно во училиштето. Децата се родени во Австралија и нивниот мајчин јазик е англискиот и не добро го познавале македонскиот јазик.

156. ООЦК Штип - Ритам без граници

Целта на оваа група била да ги зближи младите Македонци и Турци преку запознавање со културата, традицијата и музиката на двете заедници. За да ја остварат својата цел, младинците воспоставиле соработка со учениците од ООУ „Страшо Пинџур" во Карбинци и организирале заеднички мултикултурен настан посветен на музиката како универзален јазик. Во текот на подготовките тие учеле турски и македонски народни ора, заедно пееле традиционални песни, подготвиле хорски настапи и рецитации на македонски и турски јазик. Кулминација на проектот бил заедничкиот настап пред публиката, која на крај им се придружила во играта. Преку музиката, танцот и дружењето, младите изградиле нови пријателства и покажале дека различностите не нè разделуваат, туку можат да нè зближат.

157. ООЦК Штип - Free Enter-училница

Проектот имаше за цел да трансформира неискористен простор во функционално, креативно и едукативно катче за 750 ученици на ДСУ-РЦСОО „Коле Нехтенин" од Штип. Со опремување со различни реквизити, интерактивни материјали и мебел, се создадени пријатна и инспиративна средина што ја користат сите ученици во училиштето. Во рамките на проектот беа организирани и креативни и спортски активности, како и настани за заедничко дружење и вклучување на заедницата како базар и концерт.

158. Црвен крст на град Скопје - Едно срце-многу култури

Целта на проектот била да се поттикнат дружењето, социјализацијата и инклузијата на децата од Украина во новата средина, преку градење пријателства со нивните врсници. Младинците организирале редовни средби и заеднички активности во „GAMING HUB" во ДХО „Даре Џамбаз", каде децата разменувале идеи, играле и учествувале во

различни работилници. Посебен акцент бил ставен на јазичната размена, при што децата од Украина учеле основни зборови и изрази на македонски, а младинците учеле украински зборови. Преку овие активности биле надминувани јазичните бариери и создавана средина исполнета со прифаќање, почит и еднакви можности.

159. Црвен крст на град Скопје - Срце за срце

Целта на проектот била да се поттикнат дружењето, комуникацијата и социјализацијата со децата со оштетен вид, како и да се подобрат условите во училиштето „Димитар Влахов" во Скопје. Тимот најпрво посетил обука за правилен пристап и комуникација, а потоа реализирал 8 посети и работилници со учениците, преку друштвени и музички игри, раскажување приказни и активности за развивање на доверба и меѓусебно запознавање. Била реализирана и дружба надвор од училиштето, при што учениците присуствувале на промоција на книга со делови на Брајово писмо. Како дополнителна поддршка, со помош на донации биле обезбедени голем и мал шпорет и компјутер за училиштето, кои ќе ги користат учениците и наставниците. Со проектот била создадена поголема поврзаност меѓу младите и децата со оштетен вид, но и биле подобрени условите за нивниот престој и учење.

160. ООЦК Центар - Сонце

Целта на младинците во овој проект е обезбедување на фрижидер и вентилатор, како и дружба со/во пензионерскиот клуб „Мирче Мацан". Потребните финансиски средства младинците ги обезбедија преку изработка и продажба на мартинки и организирање на две хуманитарни забави во два различни локали со повеќе изведувачи. Купениот фрижидер е доставен до клубот и реализирана е дружба со корисниците.

161. ООЦК Центар - Мајка на две срца

Целта на проектот била да се обезбедат основни хигиенски артикли, училишен прибор, облека и играчки за децата на самохрана мајка. Младинците организирале хуманитарни акции, изработувале и продавале мартинки и други рачни изработки, а средствата ги искористиле за набавка на потребните производи. Дополнително, била организирана акција за донации во училиштето, со активно учество на ученици, наставници и локалната заедница. Преку средбите со семејството, младинците обезбедиле и морална поддршка, дружење и внимание.

162. ООЦК Центар - Мозаик-културен компас

Целта на проектот била да се олесни снаоѓањето на посетителите во Клиничкиот центар „Мајка Тереза" во Скопје преку изработка на дигитална мапа, но и да се поттикнат интеркултурното разбирање и активното учество на младите. Во проектот учествувале 80 ученици од основни и средни училишта, преку едукативни и интерактивни работилници, спортски активности, филмски проекции и посети на Клиничкиот центар. Младинците го истражиле проблемот со снаоѓањето во центарот и развиле

функционална веб-страница со дигитална мапа, достапна преку QR-кодови поставени на локацијата. Проектот претставувал успешна комбинација на хуманост, едукација, технологија и интеркултурна соработка, со позитивно влијание врз локалната заедница.

163. ООЦК Центар - Пат кон хуманоста

Целта на проектот е обезбедување на финансиска и морална поддршка за две деца. Главни корисници на проектот се две деца од кои едното дете расте без мајка и другото дете има попреченост. Корисници беа и учениците, младите волонтери и локалната заедница, кои преку работилниците низ проектот стекнаа поголема свест за хуманоста, инклузијата и важноста на меѓусебната поддршка. Дополнително, корист имаа и лицата од Дневниот центар за лица со попреченост „Пролет" преку активностите и дружењата организирани во рамки на проектот. За двете деца обезбедени се 2 екскурзии, храна и пијалоци за екскурзија, патики, комплет тренерки, друга облека и ранец.

164. ООЦК Центар - Чекор напред

Преку одлично организирани хуманитарни акции се помогнал центарот за рехабилитација на слух, говор и глас. Поради големиот број на корисници на центарот, просториите биле видно амортизирани. Со уредувањето се помогнало во креирање позитивна, пријатна и мотивирачка атмосфера за децата и лицата кои секојдневно посетуваат рехабилитација во центарот. Покрај финансиската помош, тимот поминал и време со самите деца преку дружење и активности. Важно е да се истакне дека самите волонтери кречеле и го уредувале просторот така што покрај финансиската помош од големо значење е вложената позитивна енергија во самиот проект. Финансиските средства се собрани преку продажба на рачни изработки, организација на една претстава и два настана со ДЈ.

165. ООЦК Гази Баба - Еду-подкаст

Целта на проектот била да се создадат едукативни подкасти со корисни и проверени информации за младите, како и да се подобри опременоста на училишната медиатека во ООУ „Браќа Миладиновци". Младинците организирале хуманитарен квиз, „Априлјада" и фудбалски турнир, преку кои обезбедиле средства за друштвени игри, материјали за уредување на медиатеката и микрофон за снимање подкасти. Дополнително, преку училишниот разглас биле емитувани музика и разговори. До крајот на проектот бил снимен еден краток подкаст, со најава за продолжување на активностите

166. ООЦК Гази Баба - Секој е свој

Целта на овој проект е да се запознаат учениците со други култури преку не формален 3-дневен фестивал каде тие ќе се запознаат со мал дел од културолошките карактеристики од различни етнички заедници кои живеат во околина.

167. ООЦК Гази Баба - Осветли ја патеката

Целта на проектот била да се подобри безбедноста и видливоста на велосипедските патеки на потегот од АСУЦ „Боро Петрушевски" до Општина Гази Баба преку нивно повторно обележување и осветлување. По утврдување на потребата од подобра сигнализација и поголема безбедност за велосипедистите и пешаците, младинците организирале повеќе активности за собирање средства, меѓу кои продажба на мартинки и честитки, филмска вечер и спортски турнири. Со собраните средства набавиле специјална сообраќајна боја и флуоресцентен премаз, а во соработка со ЈП „Улици и патишта" овозможиле обновување на велосипедската патека во должина од околу 1,5 километри. Со проектот се подобрени условите за безбедно движење на сите корисници на патеката и се поттикнува користење на велосипеди како еколошко превозно средство.

168. ООЦК Карпош - Музиката ги обединува срцата

Оваа група имала за цел да обезбеди парични средства за набавка на синтисајзер, дајриња и флејти со цел подобрување на условите за реализација на наставата по музичко образование и овозможување успешно функционирање на училишниот оркестар составен од 20-25 ученици во нивното училиште. Преку собирни акции и донации во својата средина собрале средства од кои купиле синтисајзер, 2 тарабуки и 15 блок флејти, а од анонимен донатор добиле и 4 дајриња и 2 маракаси.

169. ООЦК Карпош - Надеж за секого

Целта на овој проект е да се обезбедат основни апарати за домаќинство за двочлено семејство – мајка и полнолетен син со попреченост, кои во моментот на спроведување на активностите немаат функционален шпорет и машина за перење алишта. Преку собирни акции и продажба на рачки изработки кои самите ги подготвуваат, успеваат да ги соберат неопходните средства и да обезбедат шпорет и машина за перење за ова двочлено семејство.

170. ООЦК Карпош - За подобар дом

Главната цел на проектот е да се обезбеди нов и функционален фрижидер за Детски дом 11 Октомври со цел подобрување на условите за чување и складирање на храната, како и олеснување на секојдневното функционирање во домот. Младинците преку реализирање на креативни работилници за рачни изработки и собирни акции на коишто ги продаваа истите (3 во Градски парк и 2 во Веро Центар), обезбедија доволно финансии и купија фриждер. Истиот го доставија со заедничка посета во домот 11 Октомври

171. ООЦК Карпош - Иако изгледаме различно, ние сме една реалност

Целта на проектот била да се поттикнат дружењето, меѓусебното разбирање и соработката меѓу младите од различни етнички и културни заедници, како и да се про-

мовира крводарителството како хуман чин. Младинците реализирале две интеркултурни средби – „Запознавање со песна и вкус“, со традиционални јадења, музика и танци од различни култури, и „Да се разбереме“, преку која учеле зборови и изрази на четири јазици. Во проектот била организирана и првата крводарителска акција во с. Буковиќ, со цел да се мобилизираат крводарители и да се подигне свеста за важноста на доброволното дарување крв.

172. ООЦК Карпош - Светлина на крајот од ходникот

Целта на проектот била да се обезбеди дел од финансиските средства преку собирни акции и продажба на рачни изработки, за терапија на својот наставник М.З. наставник во СУГС „Лазар Танев“- Скопје кој боледува од рак на желудник. Младинците прво организирале работилници за рачни изработки – симболични подароци и украсни предмети како дел од планираните хуманитарни штандови. Најголемата акција била во Градскиот парк (06–08 март), по повод 8 Март, каде голем број граѓани ја поддржале иницијативата преку донации и купување на изработките. Втората голема акција се одржала на 16 и 17 април во Веро 2 Тафталиче, исто така успешно реализирана. По завршувањето на собирните акциите на 06.05.2026 средствата биле уплатени преку Црвен крст за лекувањето на професорот.

173. ООЦК Карпош - Поддршка што лечи

Целта на проектот е да се соберат парични средства за помош за лекување на тешко заболена личност - професор во СУГС „Лазар Танев“, Карпош, Скопје, со дијагноза – рак на желудник. После истражување за потребите, тимот организира работилница за обука за рачна изработка на чеситки и други видови изработки, кои, во организирани две собирни акции (маркет „Веро“ и Градски парк), собрани и уплатени на сметка 6.283 денари. Учесниците во ПХВ проектот внесле љубов и креативност, со хумани чекори и постапки се вклучиле во собирање на дел на средства што сигурно се од корист за процесот на лекување на заболеното лице, подигнувајќи го сопствениот хуман интегритет и хуманата мисија и визија на Црвениот крст.

174. ООЦК Карпош - Рака за рака за побезбеден двор

Целта на проектот е подобрување на безбедноста, заштитата и уреденоста на училишниот двор во ООУ „Емин Дураку“ – с. Буковиќ преку обнова и поставување нова ограда со цел создавање побезбедна и поквалитетна средина за учениците и вработените. Преку терески активности за обезбедување на донации во текот на месец април волонтерите започнале со отстранување на старата и оштетена ограда на училиштето и поставување на нова ограда која значи поголема безбедност за учениците и вработените. За цело време на реализација на активностите имаат поддршка од локалното население и одговорните лица во училиштето. Крајната цел за поставување на нова ограда е постигната преку целосна вклученост на волонтерите во текот на целиот процес.

175. ООЦК Карпош - За подобро секојдневие

Целта на овој проект е подобрување на услови за живот и олеснување на секојдневниот живот на две социјално ранливи семејства преку обезбедување на шпорети за домаќинствата. Младите организирале повеќе собирни акции и работилница за изработка на алки со што собрале средства за набавка на два шпорети за двете повеќечлени семејства со што се помогнале вкупно 19 лица.

176. ООЦК Карпош - Подобро училиште за сите

Со цел да се подобри квалитетот на предавањата во мултимедијалната просторија во училиштето на ПХВ тимот, младинците организирале две собирни акции и неколку работилници за рачни изработки каде што изработувале разни украси, честитки и мали предмети кои подоцна ги делеле на собирните акции. Со собраните средства набавиле телевизор со големина од 50 инчи за нивното училиште.

177. ООЦК Карпош - Црвен крст во акција, Промоција на зелени вредности

Младинците од ООУ "Емин Дураку" с. Буковиќ за да ја поттикнат еколошката свест кај своите соученици организирале еколошка акција за чистење на училишниот двор и притоа преку 4 акции за засадување дрвја посадиле 76 садници зимзелени дрва кои ги обезбедиле преку донација. Додека со собирната акција успеале да соберат 2. 600 ден со кои купиле две чешми и ги замениле старите нефункционални јавни чешми со питка вода. Волонтерите и учениците научиле многу за екологија, хуманоста и емпатијата.

178. ООЦК Карпош - Smart School Radusha

Целта на проектот била набавка на опрема за школото „Фаик Коница" во село Радуша за подобрување на условите за настава во Албанска етничка заедница. Преку три собирни акции и продажба на рачни изработки во Градски парк, во Веро и во нивното училиште „Војдан Чернодрински" собрани се средства со кои се купени телевизорите со држачи за истите и предадени на училиштето во с. Радуша.

179. ООЦК Карпош - Срце за Козле

Тимот од волонтери од СУГС „Георги Димитров" помогнал во набавка на опрема за потребите на Детската клиника во Козле. Преку креативни работилници направени се рачни изработки како алки и честитки и во две собирни акции во Градски парк и Веро собрани се средства кои потоа преку истражување за конкретните потреби на Детската клиника во Козле е одговорено на соодветен начин преку набавка на опрема која им е потребна. Со тоа придонеле директно за олеснување на работата на персоналот а индиректно на пациентите деца со респираторни болести.

180. ООЦК Кисела Вода - Tutti Fratelli

Целта на проектот била да се поттикнат интеркултурното разбирање, соживотот и соработката меѓу учениците од различни етнички заедници во ООУ „Марко Цепенков" – Зелениково, Орешани и Страхојадица. Младинците организирале интеркултурна приредба посветена на Анри Динан и создавањето на идејата за Црвениот крст, во која учествувале ученици Македонци, Роми, Бошњаци и Албанци. Преку претстава, лични творби и музика на четири јазици, учениците повеќе од два месеци заеднички соработувале, учеле и се дружеле. Дополнително, биле реализирани две еколошки акции – засадување дрвца во училишниот двор и чистење на паркови и училишниот двор, како дел од „Генералка викенд". Преку активностите била испратена порака за единство, еднаквост, соживот и заедничка грижа за животната средина.

181. ООЦК Кисела Вода - Еко пилоти

Целта на проектот била преку организирани акции за чистење да се подобри состојбата на парковите во општина Аеродром и да се поттикнат еколошката свест и одговорноста кај граѓаните. Младинците организирале повеќе акции за чистење, а средствата за активностите ги обезбедиле преку продажба на мартинки во училиштата „Васил Антевски – Дрен" и „Александар Македонски". Биле реализирани акции во Паркот Авионче, Паркот на езерата, Паркот на светлината и Паркот на езерцата, како и завршна акција на Детската улица „Тоше Проески" во рамки на „Генералка викенд". Преку активностите биле создадени почисти и побезбедни јавни простори и била поттикната поголема грижа за животната средина.

182. ООЦК Кисела Вода - Скромност

Целта на проектот била да се помогне на петчленото семејство од Драчево, кое живее во тешки социјални и финансиски услови, преку обезбедување електричен шпорет, апарат за мерење притисок, храна, хигиенски средства и училишен прибор. Младинците организирале креативни работилници, хуманитарни продажби на мартинки и велигденски производи, базар и Кино ден, преку кои биле собрани 17.600 денари. Со средствата биле набавени потребните производи и опрема, со што биле подобрени условите за живот на семејството, а особено била исполнета потребата на мајката од шпорет на кој ќе може да подготвува храна и леб за своите деца.

183. ООЦК Кисела Вода - Хидро херои

Целта на овој проект е преку организирани акции за чистење на патека за да биде повторно функционална, а воедно младите со личен пример ќе покажаат дека треба да се грижаат за средината, да бидат поттик и останатите да го следат нивниот пример. Реализирани се активности за чистење на парковите, тротоарите и зеленилото на територијата на која делува општинската организација Кисела Вода. Активностите се поддржани од Генералка викенд преку медиумска промоција и Градинарот преку директно вклучување во реализација на активностите.

184. ООЦК Чаир - Подади рака

Младинците од овој проект имале за цел да помогнат на семејство составено од жена која го има изгубено видот и која дополнително ја повредува половината, додека мажот во 2024 година ја губи работата. Семејството најпрво побарало да му се обезбеди храна, а доколку е можно, и машина за перење. Преку креативни изработки и собирни акции, младите собирале средства од кои обезбедиле храна за семејството. Во проектот се наведува дека обезбедиле и машина за перење и колаген за 6 месеци.

185. ООЦК Чаир - Едно срце, многу култури

Целта на проектот била да се поттикнат солидарноста, соработката и меѓусебното разбирање меѓу различните заедници. Младинците реализирале креативни работилници, филмска вечер и посети на црквата „Св. Никола" и џамијата во Чаир, со цел да се запознаат со различни религии, традиции и култури. Преку хуманитарни акции биле обезбедени 10 пакети со прехранбени производи, кои биле донирани на 5 македонски и 5 албански семејства. Проектот бил заокружен со креирање подкаст во кој младинците ги споделиле своите искуства и сознанија.

186. ООЦК Чаир - Чекор кон опоравување

Целта на проектот била да се овозможи квалитетно дружење и социјализација на 15 корисници од Заводот за рехабилитација на деца и млади, преку креативни, еколошки и забавни активности. Младинците организирале работилница за изработка и продажба на пакетчиња за Бајрам, а собраните средства ги искористиле за набавка на материјали и радио за корисниците. Во рамки на проектот биле реализирани акција за чистење на дворот на Заводот, еко работилница и посета на Зоолошката градина. Преку овие активности биле поттикнати дружењето, инклузијата и грижата за околината, а корисниците добиле и радио кое можат да го користат за слушање музика и како часовник.

187. ООЦК Чаир - Рециклирам за да декорирам

Преку овој проект младите го уредиле дворот на ООЦК Чаир, со тоа влијаеле како позитивен пример на другите млади од другите ООЦК, а преку проектот и на вработените, волонтерите и корисниците кои ја посетуваат општинската организација на Црвен крст Чаир.

188. ООЦК Чаир - Децата се нашата иднина

Целта на проектот била да се подобрат условите за работа и престој во ЈОУДГ „11 Октомври" - Бутел преку обезбедување на нови функционални принтери за потребите на децата и воспитувачите. По спроведено истражување во повеќе градинки и разговори со вработените, младинците утврдиле дека во градинката постои недостаток од исправни принтери, што ја отежнува подготовката на работни листови и креативни

материјали за децата. За реализација на проектот организирале собирни акции, хуманитарни турнири во фудбал и одбојка и две креативни работилници. Со собраните средства биле набавени два принтери и дополнителни креативни материјали, со што се подобриле условите за работа на воспитувачите и креативниот развој на 177 деца во градинката.

189. ООЦК Чаир - Ние сме иднината / Ne jemi e ardhmja

Целта на овој проект била да се постигне интеракција помеѓу адолесценти и деца од градинка со цел подигање на свеста за штетните последици од користење на паметни телефони и социјалните мрежи, преку интерактивна социјализација, креирање подкаст и потикнување на размена на искуства и човечки вредности како емпатија, почит и солидарност. Тимот поминал и три дена во игра и дружење со децата од градинката Снежана во општина Чаир. Со собраните средства преку донации купени се играчки за децата и организиран подкаст со седум епизоди.

190. ООЦК Чаир - Хуманоста над се / Humaniteti mbi te gjithçka

Проектот беше реализиран преку хуманитарен базар организиран од учениците и волонтерите на ООУ „Исмаил Ќемали". Првичната цел беше да се соберат средства за купување нови завеси за училниците, но по тешка собраќајна несреќа на нивниот другар, собраните 74.000 денари беа пренаменети за негово лекување. Со тоа учениците покажаа солидарност, хуманост и подготвеност да помогнат таму каде што потребата била најголема.

191. ООЦК Чаир - Катче на животот / Këndi i jetës

Младинците направија две собирни акции преку кои собраа средства за да го опремат катчето на млади на Црвен крст во училиштето „Зеф Љуш Марку". Со тоа добија креативен и овозможувачки простор кој беше потребен за младите.

192. ООЦК Дебар - Помошна рака

Оваа група младинци имала за цел да ѝ помогне на самохрана мајка која живее со две ќерки, од кои едната е во количка. Преку собирни акции во Дебар и Центар Жупа собрале финансиски средства преку кои им обезбедиле пакет храна и хигиенски производи.

193. ООЦК Дебар - Тим на надежта

Целта на младинците во овој проект е да усреќат две семејства за празникот Рамазан Бајрам. Едното семејство е 7 члено, мајка, татко и пет деца, од кои едното е болно дете со посебни потреби. Другото семејство е 4 члено, самохрана мајка со три деца. Младинците самите купија прехранбени продукти и хигиенски продукти. Истите ги доставија до семејствата и задоволни, среќни го завршија овој проект.

194. ООЦК Дебар - Реновирање на мали дела од секојдневието

Целта на проектот била паркот да биди уреден да можат децата слободно да играат и да се дружат. Реализирани се неколку активности за уредување на паркот во централното градско подрачје.

195. ООЦК Дебар - Секое добро дело остава светлина што никогаш не згаснува

Целта на проектот била да се обезбеди основна прехранбена и хигиенска помош за четири социјално загрозени семејства од општина Центар Жупа и Дебар, меѓу кои две самохрани мајки и семејства со деца со здравствени потешкотии. По спроведено истражување во локалната заедница и консултации со институции и познаници, младинците организирале собирање на парични средства и обезбедиле дополнителна донација од локален маркет. Со собраните средства набавиле прехранбени производи, средства за домаќинство и основни медикаменти, кои потоа биле распределени на четирите семејства. Со проектот е обезбедена директна материјална поддршка и помош за семејства кои се соочуваат со тешка финансиска состојба и ризик од социјална исклученост.


Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut
ЦКА-ПХВ
KKA-PVH